ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

(Беседа држана од Ѓорче Петров по покана од македонска група студенти по случај 16 годишница од неговата смрт Софија 1919 год.)

Јас никогаш не би се согласил да зборувам јавно, пред пошироко собрание од луѓе, кои Делчев додека беше жив не ги сакаше којзнае колку. Но, сега, поканата ја примив со голема готовност, затоа што си спомнувам за големата љубов на Делчев кон студентската младина.

Второ, ја прифатив поканата не само затоа што моментот налага да се истакне фигурата на Делчев пред нашата емиграција, туку и затоа што таа беше направена точно од македонското студентство. Со еден збор, ја поздравувам иницијативата на студентската младина за ова скромно собрание.

Делчев сето време додека дејствуваше во Бугарија имаше особена слабост кон судентите, поради незаразената мадешка душа. Тој работеше, пред сѐ, меѓу младите од истата причина. Затоа неговиот дух денеска ќе се радува на оваа наша слога.

На едно собрание од млади кои учат, какво што е ова денешново, уверен сум дека неговиот дух живее над нашите глави во овој момент.

Виновникот на денешново собрание - Делчев, не беше само борец за македонското ослободително дело, туку и човек на бугарската општествена мисла. Тој чувствуваше во себе пориви, толку силни, што можеше за миг да запали револуционерен оган, да ги потпали срцата на целото население на Македонија. Пројавуваше таква омраза кон расипаноста, кон оние кои беа подложни на коруп-

ција што реагираше секаде каде ќе се појавуваше подлоста, било на одделни лица, било раководители на Бугарија и на световното општество.

Нему, на моменти му се чинеше, дека со еден замав ќе ги уништи, само да можеше своите чувства да ги направи достапни секаде и така да ја излее својата омраза.

Неговиот ум беше преполн со толку мисли и желби, што веруваше дека може да го прероди светот и во него да блеснат слободата и правдината.

Нему единствено му тежеше што сето што го чувствуваше не можеше да го стави на хартија. Често тој ми се обраќаше: „Ѓорче напиши нешто"! „Зошто ти не напишеш", „Јас не можам да пишувам така како што зборувам, за да ме разбере овој каллив свет". Така ми се обраќаше. Неговата жал за оваа своја слабост тој си ја однесе во гроб.

Неговата обузданост не му дозволи да се дооформи и да ја пополни својата училишна подготовка.

Вечна беше неговата тага што не може писмено да си искаже и излее целата своја омраза. Тој не можеше да им даде форма на своите мисли и чувства.

Љубопитноста, која го тераше да чита дури и во шумата, не му помогна да ја пополни празнината, а за нова немаше ни време ни можност.

Во студентите ја гледаше својата надеж да се пополни таа празнина. Заради таа своја болка тој ја негуваше уште повеќе студентската младина и целата негова дејност беше насочена кон младите луѓе.

Јас, неговиот заветен и скромен другар од почетокот до крајот на неговиот живот, ја откривам оваа негова интимна страна со надеж дека студентите ќе се покажат достојни да ги распространат светите мисли на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација и дека ќе разбудам кај младите волја да ја отстранат вековната неправда, да се борат со знаење и умеење,

со зборови и со перо и така да исполнат една скромна Гоцева мечта, а со тоа да го држат знамето на чистотата, непоткупливата работа, сè додека има ропство и беда и на тој начин да работат за нивно отстранување, посебно во неговата директна таковина, Македонија.

Пред да пристапам кон мојата тема, ќе направам неколку опширни претпоставки за животот во нашата Организација.

Ние, работниците на една конспиративна организација, дејствуваме во средина во која се разбираме и тоа со малку зборови, вклучени повеќе како во некоја деловна работа.

За целото мое престојување во Бугарија, јас на пример, сега за првпат излегувам да зборувам јавно за организацијата и за луѓе во неа.

Од друга страна, во нашите собранија немаше навика, ниту традиција да излегуваме да зборуваме пред собранието или јавно, со говори или излагања, за делото. Ние држевме говори, но не ги усвоивме ставовите дека треба да бидеме трибуни кои ќе го завладеат аудиториумот. Ние немавме дури ни изгледи на говорници, кои ќе ѝ се допаднат на публиката, ниту имавме искуство да му ја даваме на говорот онаа форма, која ќе имаше достапност до публиката со цел таа да биде придобиена. Ние зборувавме со срцето. Кај нас говорите имаа и уште имаат дејствувачки карактер и тон. Затоа предвремено го молам собранието да биде со разбирање кон моите отстапувања во оваа беседа од правилата.

Дејноста на македонското револуционерно дело има своја специфичност по силата на особените услови во коишто тоа се развива.

Типот на македонскиот деец и водач во општествениот и револуционерен живот е во врска со вистинскиот живот и е сообразен со него. Во неговата основа лежат посебностите на македонското бугарско население.

Инаку, во управувањето и во раководството на Организацијата имаше некаква двојност. Формалното раководство беше

во рацете на Комитетот кому сите безусловно му се потчинуваа. Типичните војводи макар што ја имаа во своите раце силата, ги исполнуваа заповедите дури и на селските раководители.

На пример, Михаил Попето не правеше никакво движење низ селата без писмена заповед на селскиот раководител. На тој систем на односи тој стана и жртва. Добил заповед да оди од Кукуш за Куманово, за време на некој спор за тамошните гробишта. Тој тргнал и покрај сознанието дека таа заповед е дива и така по патот загинал.

Тенденцијата на овој систем беше да се развива иницијатива и смелост за дејство во широки кругови на работниците, а центарот на тежината да остане во рацете на легалните елементи во Организацијата.

Делчев наполно се согласуваше со овој систем, ја поддржуваше неговата примена до крај и му се потчинуваше самиот лично, како и Попето.

Оваа положба истовремено беше и слабата и силната страна на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација (ВМРО).

Силната, добрата страна беше токму во тоа што водачите и народот еднакво беа проникнати со идејата за слобода, напоени со солидни чувства и мисли за животот чија тежина подеднакво сите ја чувствувавме. Тоа ги сплоти во една целина, затоа тие беа здружени, и секогаш со разбирање еден за друг.

Слабата страна беше во однос на различниот менталитет и карактер на луѓето во Организацијата.

Високите раководни сили на Организацијата ги вршеа своите задачи со своето морално влијание, без да се во противречност со формалните раководители - комитетите.

По едно среќно совпаѓање првостепените сили во Организацијата формираа од себе една сплотена духовна целина, во која секој го работеше својот дел со благотворно влијание, според своите способности.

Тие заемно се дополнуваа еден со друг за да ги пополнат сите заедно празнините во редовите и во раководството. Нивната искреност ги правеше да бидат здружени меѓу себе и нивното заемно дејство да биде можно.

Гоцевиот ентузијазам, Перевата конспиративност, Дамевото организаторство - заедно направија таква сила, но поединечно тие не можеа да го изместат или да го разместат едниот од другиот.

Не е прашање со кантар да се мери значењето на одделни улоги на секого, но често се поставува прашањето за создавач на Организацијата. За таков треба да се смета духовната целина на неколкуте првостепени сили.

Меѓу нашите револуционерни сили, дури меѓу некои од највидните, според целосноста на мислите, идеите и темпераментот тие беа различни.

Во почетокот имаше и такви кои немаа ништо револуционерно во себе, но ставени во нови услови на живот и дејност коренито се изменија. Некои од нив како дејци во Организацијата веднаш ја загубија духовната врска со своето минато.

Други поединци, со својот конспиративен дух, на кои треба да им се оддаде извесно признание за нивната борбеност, сами се надраснаа. Пере Тошев, по природа тивок, но бестрашен конспирант, беше вечно зафатен да дава импулс со својот тврд карактер.

Најпосле во редовите на раководството имаше и луѓе со силен темперамент, со душа повозвишена и со понапредни идеи. Тие беа што ѝ даваа на револуционерната дејност темпо, импулс, создаваа расположение во организацискиот живот.

Неспорниот виновник за ова собрание - Гоце држеше едно од првите места во тој однос.

Организацијата се јави со активност со голема морална вредност и тврда во своите идеали.

Едно општество како бугарското, жестоко и завидливо, не можеше да трпи и најмало задоволство, какво што си беа дозволиле неговите општественици. Во врска со тоа, во нашата Орга-

низација за да се покажат моралните квалитети, членовите се натпреварувааа да докажат на дело, кој подолго може да падне од глад среде прекрасната Софија. Можеше ли Гоце да води поинаков живот?

Социјалниот и економски живот на христијанското население кај нас, каков што се создал за време на турската управа, бараше промена, пред сè, повеќе на управата отколку на животот.

Покрај наведеното, слободарските идеи се носеа отсекаде, затоа никаков кинески ѕид не беше во состојба да го спречи навлегувањето на таквиот слободарски дух во Македонија, посебно откако таа беше заградена од сите страни со самостојни држави.

Во времето на раѓањето на Организацијата идејата за слобода беше наполно созреана. Требаше да биде само канализирана и регулирана како таква.

Така на пример во Битола беше поканет еден самарџија за да го „крштавам". Добив одговор дека тој требало мене да ме крштава бидејќи бил постар конспиратор. Излезе дека постоела една селска мрежа од конспиратори од Битола до Дебар, со ограничена цел, вечерно време да ги ликвидира лошите Турци-пакосции на селските имоти.

Би напомнал, без да го чепкам светското прашање за улогата на личноста во создавањето на историјата и напредокот на човештвото, бидејќи луѓе од тој вид имаше и во нашите редови кои се истакнуваа со својот општествен карактер, но немаа ништо општо со таквите од други, слични, организации. Таквите поединци во нашето ослободително дело се истакнаа со своето ангажирање насекаде.

Во тие околности улогата на поединците во Организацијата беше ограничена. Тие требаше само да го канализираат и регулираат општественото движење.

Тврдам дека македонското ослободително дело НЕ се должи само на поединци, туку на колективната волја на населението во Македонија, како одраз на условите во кои тоа живее.

Нашето дело беше една историска неопходност, која не се определува со човечки разум, ниту може да биде предвидено со човечки ум, но затоа, пак, срцето жеднееше за слобода, потреба која се чувствуваше насекаде и која повлекуваше сè со себе.

Во такви услови во кои се живееше и во такво расположение на духот, ваквата положба јас ја викам **историска неопходност**.

Нашето мислење секогаш било: поединците, особено водачите на нашата организација, повеќе беа жртви на времето и општественото расположение на населението, отколку творци на своите учења или идеали.

Пошироко гледано, нашата Организација беше дело на колективен напор на широк круг луѓе од Македонија.

Индивидуалното значење на Делчев во таа целина и, воопшто во развојот и работата во Организацијата, ќе го образложам понатаму во својата беседа.

Таков ред на мисли беше прифатен и од тогашната интелектуална младина. Поради тоа младината стана жртва на времето и општествената нетрпеливост. Во прво време, редовите на Организацијата ја исполнија почувствителните членови на општеството - неговата напредна интелигенција. Значи, духот на тоа време беше, не постои, да не се трпи и да не се поднесува туѓото господарство, какво што беше турското.

Во тесна врска со организацијата и со дејноста на Делчев, би сакал да ги истакнам оние работи во нашето општество кои сум ги сознал, чул или прочитал за Гоцета.

Во пишувањата за него, сообразно со разбирањата кои владееја тогаш во Бугарија, отсликувана е неговата улога како општествен и народен водач и тоа на начин кој е прифатен од тукашните писатели.

Јас не се согласувам со таквата положба на нештата. Таквите желби мене ми изгледаат тенденциозни. Грешат неговите биографи кога го прогласуваат за „Создавач“ на Организацијата, или нејзин „главатар“ кое не одговара на вистината.

Станува јасно дека грешат сите кои сакаат да го олицетворат во „главатар“ на Организацијата. Оттука произлегува оценката за Делчев преку очилата на тукашното гледање затоа треба да допуштиме дека тоа е нецелисходно.

Јас во моите оценки за Гоце ќе тргнам исклучиво од гледиштето на условите во кои македонскиот револуционерен тип се појави и се создаде. Само во таква светлина треба да се гледа дејноста на македонските дејци.

Навистина, првите устави и правилници на нашата Организација имаа централистички дух, но тоа беше само на книга. Тие беа пишувани како одраз на оние од бугарското востание. Во суштина, Организацијата се развиваше по пат на деловна работа. Поединци ја создадоа структурата на Организацијата, врз готови темели, создадени сами по себе и таа се разви толку брзо, што и ние самите останавме збунети од нејзиниот брз развиток. Во таква организација не може да се бара еден единствен создавач.

Тогаш може ли да стане збор за еден главатар или создавач на нашата Организација?

Кај нас иницијативата беше во рацете на луѓе самосвесни и ентузијасти од разни краишта. Кај нас беше важен примерот кој служеше како лост за работа.

Раководството само ја канализираше дејноста на одделни појави.

Подвизите на одделни личности дејствуваа заразно на широките кругови и ја создаваа онаа плејада од безимени херои, кои беа потпората и гордоста на Организацијата и го сочинуваа нејзиниот актив.

Легендата на Чемков и Гавазов во текот на 1899. во Прилеп, за нивното саможртвување, се разнесе по целата земја и создаде во Организацијата цела ера. Опкружени во една куќа од турската полиција и башибозук, во услови на безнадежност, беа најдени во куќата братски прегрнати со прострелни рани во срцето. Оттогаш ретко човек од Организацијата се даваше жив во рацете на Тур-

ците, храброст која ги збрка и одушеви и самите Турци. Тие велеа „и ние сме бабаити и не се плашиме од смртта, ама сами на себе да посегнеме, не сме каил да сториме“.

Стојанчо Лазов во Прилеп го уби предавникот србоман, Поп Антов со секирче по глава, сред бел, ден во турското маало. Звукот на тоа секирче даде одзвук во целата земја и оттогаш почна откриено да се посегнува на поединечните непријатели на делото, кое ги направи терористите да бидат сугурни, и посилни.

Доне Штипјанчето со својата верност на дадената заклетва во битолскиот затвор, стана предводник на она пасивно хројство на оние работници од Организацијата кои беа во рацета на Турците, кое од една страна ја гарантира сигурноста на Организацијата, а од друга, предизвикува великодушен восхит кај поробувачите - Турците.

Прочуениот Дервиш ефенди од Виничката афера го викнал на банкет штипскиот трговец, сега свештеник во Варна, Коце Ефремов, откако го беше измачувал во Виничката афера, а тој издржал. Го викнал во Скопје на ручек, за да му укаже почит и восхит за неговата тврдост.

Во Лерин на еден ранет и заробен селанец (му пронашле оружје) со штипки му кинеле месо. Во самите рани му чепкале и кога издржал сè без да каже „аман“, кајмакамот наредил да го ослободат и рекол „аферим“ (браво).

Со желба најчесно да го определам вистинското место на Делчев во Организацијата и за да се сфати неговото вистинско значење и улога во неа, ќе потсетам и на следните околности.

Грешат оние кои во желбата да ја зголемат оценката на Делчев, му стават во уста и во неговиот ум големи современи идеи и го викаат „апостол“ на таа идеја во Македонија.

Левски - да, тој беше апостол имаше изглед на таков, зашто проповедаше лично свои идеи и разбирања на нештата за положбата и животот среде темните маси.

Делчев - не. Од такво апостолство немало потреба. Неговата сила во Организацијата лежи на друго место, ќе го видиме тоа подолу.

Македонското ослободително дело почна од таму, каде што стигна бугарското, кое беше на својот крај и дури од подалеку, па затоа немаше потреба од апостолство како на Левски.

Слични идеи би го одделиле од широките народни маси како недостапен за нив, без потреба да се жртвува реалноста заради преувеличување.

Тоа му помогна на Гоце да не оди по патот на идеите што ги привлекуваа, туку да биде умерен и сообразен со состојбата на работите.

Сликан поинаку, е спротивно на неговото најскромно чувство да го живее животот на тие маси.

Покојникот се разбираше со своите сакани селани од северно-источна Македонија каде што беше и неговата стихија.

Тој беше пречекуван како кум и беше семеен со сите, како најчист носител на нивните мечти и желби.

Тој беше изразувач на нивните чувства и мисли. Најпосле, тој беше влогот на нивната реализација.

Самиот повеќе од сите беше задоволен од таа скромна, оргинална, но чиста македонска улога - народен водач во кого не внесуваше блескот, но затоа, пак, имаше длабока суштина и духовна величина.

Во тој однос ќе ги разгледам следните точки во кои може да има разлики во проценката на дејноста и значењето на Гоце во македонското револуционерно дело од онаа во Бугарија, од која се разликува не само во однос на сегашните водачи во Бугарија, туку и од старите револуционерни дејци, од пред ослободувањето.

Еве и докази: Ботев со народот во устата, како негов кумир, бркан по шумите од читаци, беше убиен во неговата родна земја, со верба во народот. Тој умре желен да го види народот и да биде виден од него. На крајот, тој се задоволи со гласот на очајот: „Ќе

каже, можеби, народот еден ден дека тој ќе умре за правда и слобода".

Од друга страна, Гоце беше пречекуван како кум. Делчев умре по слаткото прикажувања со една бабичка среде бугарско село. Значи, животот и судбината на овие двајца претставници на идеализмот се различни. Дури и самиот успех на едниот и другиот, како и нивните судбини, се различни еден од друг. Таквата споредба меѓу родоначалникот на модерната идејност во Бугарија и најголемиот претставник на типичниот македонски идеализам ја чувствуваше посилно од моите зборови.

И нешто друго. Останатите живи револуционерни сили во Бугарија, според исповедта на Захариј Стојанов, биле бркани како диви sверови од самите Бугари и убивани по шумите и колибите на Балканот.

Во Македонија тие дејци што останаа живи по востанието, покрај катастрофата и страдањата на населението, кои беа неспоредливо потешки од оние во Бугарија, револуционерите беа пречекувани во текот на зимата и следната пролет помило и посрдечно отколку пред и за време на востанието, без забелешки и укори за направената несреќа. Горките и вистински страдалници ги пречекуваа борците како нивни браќа и изгубени татковци, без да ги спомнуваат страдањата при што им даваа храброст да ја обноват револуционерната дејност.

За вакво величање Ботев би го оставил патот на Петефи, би го скршил своето перо, би се откажал од своите идеи и би тргнал по патот на Делчев, кога би ја открил способноста на македонскиот народен водач. Бугарија би била во положба совршено различна од денешната, ако нејзините денешни водачи и изразувачи на „народната волја" и народните желби би ги поддржале делата на Гоце Делчев, Пере Тошев и др. Тие би биле вистински изразувачи на таа волја и желби и би ги насочувале на нивниот природен развој во народниот дух.

Што се однесува до идеологијата во нашата Организација, респективно за некаква посебна идеологија дури и не се мислеше. Затоа, пак, вратите на Организацијата беа широко отворени за сите Бугари, безразлично од нивните политички убедувања, кое се претставува во животот, внатре во земјата, да го заврши останатото.

Оваа положба си има свои причини и оправдувања. Во една мала земја, каква што е Македонија, нема простор за широки идеи од светско значење какви што се раѓаат во великата Франција или непрегледната Русија. Таа дури не може да роди еден свој оргинален спасител.

Кај нас во борбата со еден див противник - каков што е Турчинот, водена од едно население со груби инстинкти - како нашето, самата борба развивана со најгруби средства, таа сурова вистина им налагаше на работниците да се насочат кон фактичката состојба која беше упатена главно кон првичната цел: насилно отстранување на турската власт од татковината преку еден организиран отпор.

Секој го сфаќаше *познатиот долг* кон времето, затоа никој не се занимаваше со идеологија. Во организациските работи или на нашите собранија со членството, никој од нас не зборуваше за организацијата и идеологијата. Работна беше нашата работа, а не идеолошка.

Што се однесува до социјализмот на Делчев, неговата дејност зборува сама за себе - спротивно. Во суштина, водачите си имаа свои основни погледи и свои разбирања за положбата и работите, коишто стоеа пред нив и ги завршуваа со голема упорност, настојчивост и насоченост. Значи, идеологија имаше, само што нивната идеологија имаше своја оргиналност.

Македонија денеска, чиста рожба на животот и положбата во Македонија, кое им служеше како база на неговите побуди, беше дејност која имаше потреба од ум за да си најде своја смисла. Таквата идеологија и заемното дејство на умот и срцето му помог-

наа на Делчев да не се занесе по патот на својата идеологија, занесување кое спречува и диктира умереност и прилагодливост со положбата на работите и да не се жртвува на сметка за своите занеси.

Групата на чело со Јане Сандански и Чернопеев искажаа склоност кон идеологија, но за време на 1903. таа група не одговори на својата намена да ги подигне народните маси во борба („пионерите" на Сандански - бостанциите) додека оние, кои не идеализираа, а дејствуваа (на пример битолските војводи) точно тие направија многу во тој поглед.

Со уставите и правилниците на Организацијата новите другари, предимно од социјалистичките средини, внесоа елементи на модерна идеологија, но нивното значење, внатре во земјата, не се почувствува и не влијаеше врз расположението што владееше. Идеите си останаа напишани во правилниците.

Од своја страна една слободна душа како Гоце не можеше да се ограничи во тесните рамки на формулата и да припаѓа на бугарската тесногради партијност, било таа да е класна или политичка со бугарски манири, затоа што сите тие помалку или повеќе, ги притискаа градите и го раздробуваа умот.

Целата таа младеж, којашто трчаше кон социјалистите, не од класно сознание или привлечени од чисто социјалистички идеи, туку само заради тоа што во Бугарија одредено место за идеологија остана само во социјалистичките групи и така се солидаризираа со македонскиот борец за правда и слобода. Од тој елемент Организацијата имаше само добивка.

Ви должам едно објаснување, за да не бидам лошо разбран и криво протолкуван, во погоре изложеното, во зборот за избегнување на идеологијата во Организацијата од страна на дејците, усвоена од интелигентниот свет и за идеите како субјективно умствена градба. Јас нема да се впуштам во објаснување на раководните кругови што управуваа и во социјализмот, само ги изнесувам работите какви што беа, со цел од тоа да се извлече заклучок.

Во суштина, Организацијата и нејзините водачи имаа свои разбирања за работите и положбата во идеен поглед, но тоа беше врската, живот и положбата во Македонија и го внесуваа во својата идеологија гласот на своето срце, и на крај, прибегнуваа до умот, за да најдат смисла или да ѝ дадат.

Тоа содејство и заемен сооднос на умот и срцето му помогнаа на Делчев да ја држи својата идеологија во сообразност со положбата на работите.

Животот на Делчев среде народните кругови се одвиваше младешки, но на секој чекор тој личеше на учител: да ги разбуди кај Бугарите смелоста, неустрашливоста и другите квалитети за кои тој лично беше жив пример.

Неговите агитации во Штип и насекаде беа природни и неизнасилени во разговорите, игрите и во постапките. Делчев никогаш не сакаше да се служи со теоретски проповеди во своите агитации. Другарите веруваа на неговите природни разговори кога се среќаваа со него и на веселбите кои се воделе по штипски правила.

За да ги образложи идеите и поимите тој се служеше со факти од реалниот живот, место да дава дефиниции и да развива теории.

Зло, добро, правилно или неправилно - тоа беше вистинската положба во Организацијата. И покрај тоа јас наоѓам не само објаснување, туку и мисли за таквата положба. Пред сè, животот на борците не претставуваше добра подлога за растење на книжевна идеологија, каква што имаше тогаш во Бугарија. Во неа идеологијата беше отишла до таму, што стигна до манијаштво. Идеите и идеологиите беа изгубиле тло под нозете поради реалниот бугарски живот, кој ги отстрануваше идеите, а со тоа тие што ги шириа ги чувствуваше како да му се туѓи.

Еве еден позитивен резултат од тој начин на дејствување во Организацијата. Водачите и народот во Македонија се разбираа потполно, еднакво го чувствуваа гласот на своите срца и чувства, еднакво го разгоруваа пламенот на своите чувства и пориви. Тие

беа тесно сплотени како една целина, во заедничкото живеење и работа.

Водачите навистина направија една жртва бидејќи на населението не му зборуваа за своите мисли и идеи. Тие се одрекоа од секаква субјективност во своите мисли. Целта беше да не се зголемуваат целите и задачите како и преданоста во работата. Населението не можеше да ги разбере овие идеи.

Од своја страна, населението ги награди за нивната жртва со бескрајна преданост и љубов.

Така, на пример, по смирувањето на населението по Виничката афера, Ефрем Чучков, Стојан Георгиев од Струмица, Тодор Станков од Прилеп заминаа илегално во Македонија - Радовишко и Струмичко, за да ја обноват организациската работа. Чучков раскажуваше дека ги обиколил сите села во Малешевијата, ги подготвил комитетите и каналите и, што е најважно, насекаде бил примен добро и срдечно. Гаве Кажнев, раководител од Пехчево, еден од најревносните раководители во целата Малешевија кој уште од почетокот е во Организацијата, и кој за време на Виничката афера беше најжестоко измачуван (од нозете му кинеле меса а од ќотек подоцна се разболе од туберкулоза и умре по неколку години во Ќустендилската болница) остана верен на Организацијата. Тој прв се јави на поканата на Чучков во селото Владимирово и му се стави на располагање за работа со истата поранешна преданост.

Илија Богазано од село Раброво, повреден во истата афера не беше ја намалил својата работа ниту за педа и продолжи да раководи со селото.

Уште посилна беше сплотеноста и приврзаноста по востанието од 1903 година.

Биографијата на Гоце Делчев во општи црти е позната. Повеќе од тоа не можам и јас да дадам, и нема да биде од некакво значење. Ќе направам само некои дополнителни забелешки врз пишувањето за него во тој однос.

Според традицијата која останала во нашата литература, биографите на Делчев внесуваат елементи на романтизам во неговиот живот, бараат во неговата дејност исклучителност и ентузијазам за да му дадат на напишаното полесна форма на читливост. Сето тоа не одговара на Делчев, а плус тоа е и неумесно.

Важно е дека романтизмот нема место во македонскиот живот и не треба да се бара таков и во Гоцевиот живот.

Изворот на неговата сила не можеме да ја бараме во татковото наследство, ниту во родното место. Домашните услови, општествената средина, воспитувањето во неа кај нас не се погодни да создаваат, а нашето училиште да ни ги оформи, нашиот карактер нашите души.

Храбри татковци како дедо Никола Делчев во Македонија има многу, но Делчев беше еден.

Подвизите на Гоце неспорно треба да се истакнат со опишување на неговата фактичка дејност, но сето тоа треба да се процени не по впечатокот којшто го предизвикува кај луѓето надвор од делото, туку според вистинската важност и значење, од гледиште на ослободителното дело, кое го предизвикало, ако сакаме да бидеме реални и секогаш согласни со вистината.

Гоце навистина отиде во битолскиот затвор да се сретне со Даме Груев. За средба со истиот во врска со востанието тој отиде и во Солун, преправен како селанец. Исто така е вистина дека во разни времиња и по разни случаи тој ја обиколи цела Македонија.

Многу често ја преминуваше границата со својата чета или со курири, за да се приклучи кон некоја чета во внатрешноста. Ама сето тоа во редовите на Организацијата во тоа време не претставуваше во суштина нешто невообичаено, бидејќи тоа беше во редот на работите во рамките на возможното.

Даме беше пречекан во затворот од многу легални и нелегални другари, со голем ризик дека може да има провала. Преку тие луѓе тој даваше наредби од затворот.

Во големи градови како Солун, војводите пресоблечени или со оружје влегуваа редовно во нив. Некои од нив влегуваа дури со цели чети. Покрај границата курири и чети ја минуваа границата како да одат на пазар. Многу често тие крстареа по цела Македонија, во сите правци и сите чети се движеа по внатрешноста на земјата послободно од самите турски патроли. Во редот на нештата беше неговиот мангупски живот во Софија.

Сето тоа на наш јазик се нарекуваше исполнување на една долга прилагодливост на потребите на делото и сообразно со положбата која се одликуваше како елементарна должност на секој работник од Организацијата.

Ако сето тоа има некакво значење или нешто карактеристично, тоа би требало да биде во врска со целата организација или, пак, во однос со положбата во Турција, а не во врска со исклучителноста или со личноста на Делчев.

Во бугарските општествени средини, надвор од Организацијата, коишто гледаат од надворешна страна, Делчев им оставил впечаток на војвода и воена сила, исто како и четништвото кое е олицетворение на Организацијата.

Поетите го опеаја Делчев како војвода - ама кој ги збришува пред себе сите Турци. Таквата претстава за него има потреба од корекција.

Делчев и како легален или нелегален и како војвода беше, пред сè, народен водач и повеќе таков отколку војвода или горски херој.

Револуционерната дејност на Гоце Делчев во Организацијата почна 1894 година како учител во штипското Ново Село.

Македончињата, 4-5 души од Военото училиште обземени од слабоста на времето, формирале таен социјалистички кружок, кој си беше задал задача да се самообразува преку читање книги, повеќето од нив со социјалистичка содржина. Делчев беше најбудниот меѓу нив.

Тие уште на самиот почеток дале збор дека по отпуштањето од училиштето ќе одат во родните места и ќе работат меѓу народот.

Тие знаеја дека во Македонија има комитети и така нивното идно поле за работа беше однапред определено.

Отпуштањето на Делчев од Военото училиште било ако не директно, во секој случај добро примено од него. Тој веднаш се упатил во Македонија и преку Кукуш и Солун заминал да биде учител во штипско Ново Село.

Никој од неговите другари не можеше да си спомене зошто тој го избрал токму Штип и по чија ургенција бил назначен таму.

Со Даме, кој отишол пред него во Штип, тој не се познавал. Туше Деливанов, како главен учител, исто така новодојден во Штип, се запознал кога првпат се сретнале.

Гоце веднаш по отпуштањето во октомври добил назначување за општински учител во штипско Ново Село, каде пристигнал во ноември.

Даме кој отишол пред него во Штип како учител, не ќе да е причина за неговото назначување бидејќи меѓу себе не се познавале.

Според една верзија, преку летото во 1894 година Гоце заминал за Солун каде се сретнал со Даме и со негова помош бил назначен за учител во Штип.

Ефрем Чучков, другар на Гоце, нè уверуваше, дека Гоце уште од Софија знаел дека ќе оди во Штип, бидејќи го распрашувал за градот, за луѓето и на кого може да смета во прво време кога ќе пристигне таму. Од тоа треба да се заклучи, дека тој претходно не бил во врска со Дамета, но од кога и од каде е врската, не можев да разберам.

Еден другар на Гоцета, кукушанецот Георги Имов, кој беше отпуштен од Военото училиште, пред Гоцета, и кој беше започнал приватна работа во Солун, може да бице врската со Даме. Чучков претполага дека врската е воспоставена преку него.

Како и да е, Гоце за време на училишниот одмор во 1894 година оди во Солун, се сретнува со револуционерната група која веројатно, исто така, учествувала во назначувањето општински учител во штипско Ново Село.

Истата година се изврши едно ново распределување на нашите главни сили по окрузите, според кое Даме требаше да оди во Скопје.

Групата не можеше да смета на Егзархијата за назначување на нејзините луѓе на соодветни места, бидејќи тие беа обележани од неа како сепаратисти и социјалисти. Затоа групата се потпре на услугите на своите приврзаници, влијателни леѓе во општините на градовите. Така, Даме беше примен за општински учител во Штип со помош на познатиот штипски граѓанин и патриот Тодор Лазаров, бидејќи можеше преку Егзархијата да биде назначен во Скопје.

На тој начин судбината ги собра на едно место двајцата столбови на Организацијата, за да се сврзат духовно засекогаш.

Ентузијазмот на Делчев, кој дејствуваше на чувствата и методичкиот ум на Даме Груев, којшто дејствуваше на сознанието, ги поставија темелите и ја издигнаа зградата на онаа револуционерна тврдина од град Штип, чија слава стигна дури и до Србија, кога штипските младинци во текот на 1914 година, како регрути во Крагуевац, откажаа да му дадат заклетва за верност на крал Петар, пеејќи бугарски патриотски песни.

Сакаме да истакнеме, дека по Битола со Пере Тошев, Штип со Делчев стана второто по значење револуционерно гнездо во Македонија. Двете гнезда си го оспоруваа првенството преку целиот живот на Организацијата.

Делчев и Даме, и двајцата уште млади, се впуштија во работа во градот и во Ново Село. По кратко време направија сè да пламне револуционерен оган во нив. И двајцата со својот младешки порив уште првата година ја распростреа револуционерната мрежа во градот и околината. Дејноста на Гоце се искажа по многу кратко

време и тој успеа масовно да вовлече многу луѓе, сè до бугарската граница.

Делчев не можеше да се задоволи со поединечно врбување на луѓето по ќошињата на Штип. По негова сугестија тој и Даме формираа народни собранија, како никаде во Македонија.

Опиени до воодушевување од работата, тие заборавија да помислат на опасноста од полицијата.

Паралелно со чистата организациска дејност, тие развиле и широка агитациска работа низ целото граѓанство. Центарот на таа дејност е формираното Неделно училиште.

Во градското училиште секој празник имало собрание, масовно посетено во кое покрај учењето да се чита и пишува, кое било само повод за собранијата, биле држени предавања за татковинската географија и историја.

Јавни револуционерни предавања не се држени, но во нив се прозирала силната револуционерна тенденција.

Местата и градовите на Ботев - Клисура и Панаѓуриште, историјата на востанијата и друго им станале познати на штипјани од предавањата по географија, и историја. Во своите предавања Гоце често се служел со алегорија и давал широк тек со цел да повлијае и да ги насочи слушателите кон нивното толкување, при што им давал упатства како да ги толкуваат. Самиот тој многу сакал да ги чита младите руски писатели и да црпи од нив материјали за своите алегорични раскази.

Така, на пример, еднаш ја раскажувал алегоријата за растење на една палма во затворено место. Палмата кога стигнала до таванот, почнала да се шири по покривот и така почнала да расте надвор и високо под влијание на силното сонце. Слушателите, според негово упатство протолкувале дека палмата била македонската слобода. Покривот - турското владеење.

Сите собранија биле чувани од луѓе од организацијата, кои требале да сигнализираат ако иде некој од власта да се почне предавање за писменоста и да се чита.

Во почетокот Делчев и учителите ги користеле сите можности да се зближат со населението посетувајќи ги за време на празници и имендени.

Мрежата од неколку учители, кои од првин се заколнале на верност и кои биле оформени уште во првите месеци, се раширила во градот и во Ново Село така што било веќе потребно членовите да се организираат во групи, со интелигентни луѓе на чело на групите, за да можат да се раководат групите полесно. Делчев искажал неисцрпна енергија во нивното раководење, како во градот, така и во Ново Село.

Уште во првите денови на нашата Организација имавме можност да се увериме на дело, дека населението почнало да ја прифаќа идејата за слобода, која ќе се добие преку борба. Делчевиот успех во Штип беше еден од големите докази за тоа.

Младиот Делчев во својот пат на работа не признаваше никакви препреки. Впуштајќи се во работа во градот и надвор од него, со својот ентузијазам и младешки порив, тој за кратко време ја рашири револуционерната мрежа сè до бугарската граница, преку Кочани, Саса, Кратово и Паланка, од една страна, а преку Виница, Царево Село, и Малешевијата од другата.

Тој беше воспоставил канали од Бугарија до Штип, по кои тој и неговите луѓе слободно се движеја и пренесуваа материјали за Штип и западно од него.

Во прво време по каналите се добиваа весници и книги, подоцна револвери, ками, бомби и најпосле пушки и патрони. За подготвување на тие канали тој тајно одеше неколку пати во Кочани и Виница, како и по некои други села по патот на каналите.

Во текот на 1896 година во Виница, Гоце имал средба со Ефрем Чучков од Штип, новопоставениот учител од нас во Малешевија и со Глигор Атанасов од Тиквеш, новопоставен учител во Виница. Во присуство на Георги Иванов-Винички почнале подготовките на првиот организиран канал: Ветра (Ќустендилско), Ќустендил, Илково, во Калиманско Поле и Виница.

Мрежата на организацијата се шириле и стигна до Скопско и во другите правци, под влијание на Штип. Делчев прв, пред сите други, го обиколи Струмичко по пат за Солун каде ја посоветувал струмичката организација како да ја води работата околу каналот.

Делчев со својата одговорност кон Организацијата, ако почувствуваше некоја нејзина потреба се впушташе со сета сила на неговата верба кон делото и со голем ентузијазам настојуваше да ја завршат брзо и потполно.

Местоположбата на Штип му помагаше во неговата работа. Преградата меѓу Штип и границата тој ја проби со силата на својата волја. На таков начин уште во првите години на својата дејност тој одигра голема улога од првостепено значење за Организацијата и се нареди во првите редови на нејзините водачи.

Според начинот на дејствување како легален деец, Гоце се разликуваше од своите другари, а ако се спореди со Пере беше во целосна спротивност. Тој беше младич со експанзивна природа, со слободна душа, тој сакаше насекаде да има светлина, без сенки, праволиниски и без секакви кривини.

Кога сите други беа строго внимателни кон себе и беа внимателни со своите дела и однесувања, Гоце, во својот занес си даваше полна слобода на дејствување, без оглед на последиците. Деец во една конспиративна организација, тој без да го негира конспиративниот карактер по однос на личноста и делото, ѝ се потчинуваше заради неопходноста, но повеќе како форма.

На дело неговите пориви за работа не трпеа создавање прегради и пречки, тој нив ги прескокнуваше.

Делчев ако разбереше за некоја потреба на делото од кругот на неговата сфера или ако почувствуваше дека тој лично треба нешто да направи тогаш го гледаше само крајот и без оглед на околностите, како и на препреките тој се спротивставуваше директно и решително.

Тој негов квалитет беше еден од најценетите кај него. Кај што ќе стапнеше, работите во Организацијата добиваа во брзина,

која работа ќе ја почнеше одеше брзо кон нејзиниот крај, а по пат уште и го подигаше расположението. Неговите зборови беа ослободени од секави скрупули, кога некого канеше да работи, создаваше пламен кај слушателите. Во неговите дела и слава по тој пат се чувствуваше дух на бестрашност, себеоткажување, дух кој ги заразуваше гледачите и слушателите и соучесниците и на тој начин проникнуваше во нив. Со тие свои квалитети тој внесуваше нов живот во краевите кои ги посетуваше, создаваше темперамент и расположение дури и кај луѓето со кој влегуваше во судир.

Гоце имаше нескршлива верба во своите сили и ја бараше истата сила и кај своите другари да го распореди на повеќе плеќи револуционерното дело, а за народот да остане што помала тежина и народот што помалку да биде ангажиран. Народот му требаше за моментите на општото востание. Во својата љубов кон луѓето Гоце беше вистински човек, а во својата самодоверба - вистински борец.

За него лично како деец тој негов квалитет имаше и добри и лоши последици. Тој прво ги почувствува плодовите од брзите успеси во Штип и Разлог. Најмногу од сите другари тој го чувствуваше задоволството да одговори на потребите на Организацијата и да ги задоволи тие потреби со лично вмешување или иницијатива. Но, заедно со тоа и повеќе од сите други, пак тој го почувствува вмешувањето во општествените работи (субјективен елемент) со поголема доза отколку што е допуштено за такви околности, како што беше случајот со Виничката афера, да ги преживува разочарувањата од неуспехот во одделни случаи, што се должи на неговата преголема праволинејност, како што беше случајот со струмичкото бегче и буковскиот Черкезин.

Наскоро раководството се најде пред нови задачи. Масата не сакаше далечни идеи, кои не можат да ја хранат и топлат. Таа сакаше да ги види тие идеи во материјална форма. Оружјето како материјален израз и симбол за идејата за вооружена борба требаше да го убеди населението, дека нашите зборови за таква борба

не се игра на идеи, туку се придружени со сериозни намери за таа работа. Без него не беше можно да се разбуди жив интерес и ентузијазам за работата, ниту да се распрсне, најпосле, неговото закоравено чувство на недоверба и крајна претпазливост. Тој ист дух беше присутен и кај самите водачи.

Пере Тошев, кој никогаш не сакаше да прави изливи на чувства, падна во некаква екстаза кога во Битола ги доби првите бомби. Секој работник и водач сакаше да има и да носи барем револвер или кама, без определена намера да се служи со нив.

И така Организацијата доби реална вредност во очите на членовите кога почна да набавува оружје кое во почетокот имаше повеќе морално и воспитно значење, отколку практична намена.

Дотурот на оружјето беше многу тешко особено во внатрешноста. „Тетовките" со систем на „мартинки" со кои во прво време Организацијата настојуваше да ги задоволи Средна и Западна Македонија не беа многу погодни. Нашите очи беа свртени кон Бугарија.

Гоце уште на почетокот ја проповедаше идејата секој сам да се грижи за вооружувањето, меѓу другото, тој им препорачуваше на луѓето да ги убиваат поединечно вооружените Турци и да им ги земаат пушките. Во таа смисла цел на таквите напади да бидат падарите Турци.

Делчев гледајќи ги потребите на Организацијата ја почувствува таа потреба.

Тој уште во првите години беше успеал во Штип да донесе од Тетово на двапати пушки, но не беше задоволен од нив, па се насочи да направи такви испораки од Бугарија.

Во почетокот на 1896 година беа дојдени во Виница првите два товара на „кримки", пушки од Бугарија.

Делчев сам, со еден другар, отишол во Виница за да ги пренесе во Штип. За да ги избегне средбите со штипјани по пат и да го избегне поминувањето низ две турски села, ја прегазил Бре-

галница за да излезе на кочанскиот пат. Наводенет, тој многу силно настинал и оттогаш доби хроничен катар на стомакот, кој го мачеше цел живот. Тоа беше почеток, подоцна имаше многу случаи за превоз на оружје, кое се вршеше систематски и непрекинато.

Гоце имаше воено искуство и ги обучуваше работниците во нивните домови како се ракува со нив.

Во Битола, во текот на 1896 година, едно утро стигна една потресна вест, дека Доне штипјанчето, кирација, преку кого се водеја врските меѓу Битола и Штип, усно или писмено, на крајот на градот беше фатен со бомби и однесен во затвор. Колциите (агенти на режимот на монополот за тутун) барајќи тутун ги откриле бомбите. Шипката која ја пикале во вреќите со ориз, за да ја проверат содржината, ги открила бомбите.

Нашиот ужас беше неопислив, зошто аферата беше прва, не беше докажана дотогаш каква ќе биде цврстината на луѓето, а и ние самите не бевме калени да се спротивставиме во такви ситуации.

Ние во Битола не ја знаевме содржината на писмото ниту однесувањето на затвореникот.

Тогаш во Битола проработи целиот механизам на Организацијата.

Јордан Гавазов, политички затвореник од Прилеп, се преместува во ќелија токму над главата на Доне, кој беше ставен во долап (темна, тесна собичка во која ги затвораа големите престапници) со своите големи раце успева да откорне една штица од подот на ќелијата и со својот грмлив глас му се јавува на Доне ноќта како вампир. Но, двајцата се разбрале. Доне му ги кажал своите намери и за судбината на писмото (тој го искинал на ситни парченца на пат до затворот и го ставил во гаќите).

Од друга страна, беше наредено на Доне да му се даваат пари, храна и информации од Штип.

Доне излезе тврд и верен на заклетвата и не ја откри тајната и покрај големите мачења на кои го подложиле.

Од таа прва афера во Организацијата не произлезе фактички некое зло за неа, но сами од себе произлегоа две пакости:

1. Фактот дека постојат завери во Битола и Штип, таа веќе ѝ стана позната на турската власт;

2. Делчев го сврте на себе вниманието на власта во Штип.

Битолскиот валија со голема помпа беше ја преувеличал силата и значењето на бомбите. Подоцна еден офицер ги отворил бомбите. Тие биле празни. За да го искаже својот страв од нив валијата се пожалил на конзулите од однесувањето на Бугарите, за да ги оправда мерките кои ќе ги презема против нив во врска со аферата.

Штипската власт, поттикната од битолскиот валија за случајот, во редот на оние кои се сомнителни и вмешани во таа работа го посочува Гоце.

Делчев во тоа време беше тргнал од Штип за Бугарија по веќе утврден канал, кога го добиле писмото од Битола за настанот, му бил испратен брзиот курир Спиро Келимано, со заповед веднаш да го стигне по каналот и да му ја предаде заповедта лично, за да се врати. Заповедта му ја пратил другарот на Гоце, Тодор Станков.

Гоцета го стигнале во некои колиби над Виница каде што се криел. Тој добро го проценил фактот дека случајното совпаѓање на неговото тајно патување и напуштањето на градот и известувањето за аферата, Турците можат да ги стават во врска и ќе се добијат лоши последици за делото и за училиштето, па затоа решил да се врати уште истата вечер во Штип и таму да ги пречека разврските на настанот.

Нашето соопштение стигнало два дена побрзо отколку на власта што му дало можност на Гоце и на другарите да ги преземат сите можни превентивни мерки.

Директниот испраќач на бомбите - Коце Ефремов за секој случај заминал во Бугарија.

Жената на Доне била предупредена и „дакалосана“ од Гоце, а Гоце самиот се прошетал низ чаршијата во градот да биде виден, потоа седнал дома да чека и почнал да пишува училишен извештај.

Претресот во неговата куќа и краткото распрашување не дале лоши резултати како за него, така и за делото.

Случајот со најдените слики со голи жени Гоце го објаснил со својата младост, бидејќи имал голема слабост кон жените, што било особено инсценирано за тој настан. Полицаецот, исто мераклија, по тој повод започнал разговор со Гоце на таа тема.

Доневата афера не даде лоши последици и за Штип и за Организацијата. Најважното е дека на таков начин на дејствување тој не можеше да остане подолго време меѓу народот во едно легално дејствување.

Во тој период беше и познатата Виничка афера, во текот на ноември 1897 година, која беше од поширок размери за Организацијата.

Лица непознати за Организацијата (од Ќустендилско, како што подоцна разбравме) нападнале една вечер еден Турчин од село Виница, во неговата куќа за да земат од него пари со насилство, без да знаат дека Виница беше главен склад на материјалите кои се префрлаа од Бугарија за потребите на внатрешноста и беше центар на сите канали од и за Бугарија.

Турските патроли и полиција за време на претресите и насилствата во селото, со цел да ги откријат разбојниците, налетале на организациските складови. Заради тоа почнаа големи мачења и тортури на селаните.

Таткото на Георги Иванов, раководител во селото и началник на движењето беше ставен на турски мачења. Мислејќи дека полицијата ги бара комитите и дека извршеното дело е дело на Организацијата ги направил првите признанија за постоење Комитет во селото. Склад со оружје бил откриен кај еден селанец - грнчар.

Ова ново и неочекувано откритие ги зачудило и замислило кочанските полициски власти. Веднаш ги запреле натамошните испитувања и го известиле скопскиот валија, кој го испратил главниот полицаец Дервиш ефенди, како специјален претставник на власта за комитските дела.

Пецо Топалов, скопјанец, некаков училишен инспектор и пријател на Дервиш ефенди и Георги Атанасов учител од Виница, кои ја откриле шифрата на округот, сега заедно со Дервиш ги обиколуваа селата низ Малешевијата и ги убедуваа учителите доброволно да ја откријат Организацијата и да ги предадат материјалите за да ги избегнат човечките жртви. Виничкиот раководител, кој бил мачен од Дервиш ефенди не издржал и открил сè што знаел.

Кругот се разниша, сите складови и сите раководни сили, сè до Скопско беа откриени, сите шифри отворени за да се разберат сите фатени писма.

Претресите се проширија и на Тиквешко, во опасност беше и Битолско, така што постоеше опасност да ѝ се стави крај на целата Организација во тој период.

И самата турска власт се стресе и се изненади од размерите на откриеното.

За нив поразувачки беше ставот на европските конзули во Скопје кои ги нападнаа властите дека тука, пред нивниот нос, можело да се случи такво чудо, а тие да не знаат ништо.

По заповед од Цариград прогоните и откривањата беа прекинати.

Специјална комисија од Цариград дојде на самото место да го ублажи впечатокот, да прикрие многу работи, и да го смири населението. На таков начин се стави крај на таа афера, а Организацијата беше спасена од крах кој ја застрашуваше од почетокот на нејзиното постоење. Оттогаш почна да се практикува нелегална борба во Организацијата во поширок размери.

Често го задевав Гоцета, дека има „свинска“ природа. Тој многу брзо се менуваше, час се дебелеше и многу брзо слабееше кога ќе се вратеше од внатрешноста. Кога се враќаше од Македонија просто не можеш да го препознаеш ослабнат. Главата како да му се смалуваше, а духот опаднат, но кога ќе дојдеше и ќе поседеше на мир во Бугарија се здебелуваше и покрај постојаните

проблеми што ги имаше со стомачната болест. Лицето му стануваше поизразно, се смееше. Очите му светкаа и од целото тело бликаше енергија. Во таква положба тој често сакаше да се задева со другарите, а неговата енергија беше извор на најсмели мисли. Таа беше причината за честото влегување во Македонија.

Таа негова особина особено ме порази кога го видов по Виничката афера и по враќањето од село Сабљар, по несреќното искуство со струмичкото бегче

По првите вести за Виничката афера тој беше како скршен, паднат во депресија, особено откако се убеди дека сите негови очајнички мерки за спасување на положбата беа неприменливи.

Гоце чувствуваше некоја лична врска со тој крај и тоа му тежеше на душата уште повеќе. Потоа долго време со него просто не можеше да се разговара.

Јас не знам дали татко би можел да почувствува таква тага кога ќе загуби дете каква што тој почувствува при помислата дека пропадна неговото дело во Штип и имаше право, затоа што положбата беше сериозна. Попчето Иван од село Лески, кое по наговор на Делчев од пред тоа ги обиколуваше селата во Виничко и Малешевско со евенгелие и крст во рака и викаше: „ајде браќа, оставајте ги работите и трчајте да носите пушки и патрони, оти турското царство веќе сврши“, сега со истото евенгелие и крст ги обиколуваше истите села, на чело на турските потери и викаше: „беше што беше, заврши нашата работа, давајте го оружјето на агите и барајте милост, царската рака е долга“.

Георги Иванов, според наши податоци, беше десната рака на Гоце во Виничко, беше на располагање на Дервиш ефенди, а се ширеа гласови за слабоста и од страна на поблиски луѓе на Гоце - негови другари.

Моралниот крах беше факт и таа состојба го измачуваше и го плашеше за иднината на ослободителното дело.

Во својот бес против жестокостите со кои се служеше Дервиш ефенди и тагата за народните страдања во умот на Делчев создаваа редици проекти, еден од друг посмели и вратоломни, за да се спаси положбата. Најконкретно тој застана на планот за формирање една голема чета со која да се нападне Дервиш ефенди и неговата група и да се убие. Почна да презема мерки, да собира борци. Но, брзо се убеди со горката вистина, дека сето тоа не може да се реализира од многу причини, меѓу кои и недостатокот на оружје и средства за таа реализација.

Освен тоа, Дервиш ефенди постојано го менуваше местото на престој и беше тешко да се направи стапица.

Кога за Делчев стана невозможен престојот во Штип, тој требаше да го напушти и да се отсели оттаму. Во секој случај, тоа се случи кога патот на Организацијата не беше добро организиран насекаде.

Во Штип и Штипско таа се искомпромитира пред власта во првите две години. Струмичко беше блиску до Штип, а во Битола стана познат по аферата со бомбите.

Централниот комитет го назначи за учител во најисточното и најзаостанато катче на Македонија - во село Банско, Разлог.

Во Банско со истото темпо и со истата отвореност и слобода на зборот и делата како во Штип тој за кусо време ги насади корените на Организацијата, стана многу познат и - невозможен.

Минчо Лазаров, другар на Делчев од Банско, долги години раководител на Организацијата во Разлог по заминувањето на Делчев, вели:

„Уште во првите денови на септември таму тој се афирмира и оформи кружоци од попросветените млади луѓе во селото („покрстени“) на чело со Минчо, од фамилијата на кир Иван (Лазаров)“.

Првата грижа на кружокот била да се поврзат со соседните окружни комитети во Неврокоп и Џумајско и да се формираат канали за Бугарија.

За таа цел Делчев заедно со Минчо одел во Џумаја, а на одење и враќање се сретнувал со Тане Мурџев, во џумајското село Белица и со Глигор Иванов од село Србиново. И двајцата биле испратени како учители во тие погранични места за да го разбудат населението и да формираат организација.

Кружокот во Банско проценил дека младинецот Лазар Младенов, подоцна сопственик на хотелот „Трнски" во Софија, буден и познат во селото, да биде привлечен во Организацијата.

Со намера да агитираат кај него тие направиле една гоштевка во неговата крчма, на која го викнале и учителот (Делчев). Среде најубавиот дел од разговорот, еден од друштвото соопштил некаква вест од Бугарија, дека тие не можеле да ја разберат, и се јавила потреба да се направи тајна пошта за Бугарија, преку која да се добиваат книги и писма. Може не може, гласовите се разделиле смислено за да видат како Лазар ќе се произнесе. Спорот завршил без да го чујат неговото мислење.

Друг од друштвото, во врска со настаните во Разлог, ја истакнал потребата од револвери, дури и од пушки, за оние кои ќе одат на пат, и искажал мислење дека треба да се преземе иницијатива за снабдување од Бугарија. Гласовите се разделиле пак, само со цел да се чуе мислењето на Лазар. Тој само молчел по тоа прашање како да не бил присутен. Кога се сметало дака Лазар е запален, трет другар ја раскажал историјата за трупот што бил најден над селото и при тоа искажал негодување за тој настан и рекол дека младите треба да се пресметуваат со Турчинот, место да очекуваат некој однадвор да го прави тоа.

Друг се јавил, и рекол дека такво нешто треба да се направи, тајно. Еден од нив се преправал како да е исплашен од таа мисла, додека другите го тешеле. Лазар цело време само молчел. Од групата еден викнал: „Што ќе речеш ти, даскале". Најпосле расправиите престанале и Делчев ги ставил двете раце на масата, и предложил друштвото да стави точка на таа работа и сите да се заколнат дека ќе ја чуваат тајната.

Почнало поединечно да се заколнуваат, но водејќи сметка Лазар да биде некаде на средина. Кога му дошол редот и кога од него побарале согласност дека ќе држи тајна, тој под разни изговори, од домашни причини, состојбата во селото и слично, не го прифатил предложеното.

Потоа друштвото ја продолжило веселбата, велејќи дека овој разговор го воделе за да се пошегуваат со страшливите, за да ги поттикнат на пиење.

Ама Лазар работата не ја сметал за шега. Потресен од оваа историја, тој отишол во општината и ја кажал, ама не го спомнал даскалот. Само исплашен рекол: „Ни изгоре селото со овој даскал, туку да го отстраниме додека е време".

Кир Иван и еден од првенците во селото направиле извештај до управата дека даскалот подготвува бунтовничка работа заедно со неколку младинци.

Првенците направиле извештај до братучедот на кир Иван, кој во Разлог прв ја бакнал камата. Кир Иван со горчина се убедил дека соопштението не само што е вистинито, туку и дека работите отишле многу далеку, бидејќи влегле и децата на самите селски првенци.

Општинарите на чело со кир Иван и најстариот од браќата Болчевци го повикале во општината опасниот даскал за објаснување и за совет. Во почетокот Делчев се мачел да биде скромен, се согласил дека бунтовништвото може да му донесе пакост на селото и училиштето, но кога му предложиле да престане со агитација тој категорично се спротивставил и одговорил - „само тоа не може". Тогаш сите му предложиле да ги напушти училиштето и селото.

Кон крајот на октомври, околу два месеца по доаѓањето на Делчев во Банско, тој заминал, велејќи дека ќе оди на лекар во Софија, за да не се врати повторно како легален граѓанин. Тој го направил тоа, но откако ги заразил синовите на кир Иван. Едниот од нив загина, а другиот - Миндо, остана долго време да биде столб

на Организацијата во Разлог и еден од најголемите привржаници на Делчев. Во Банско тој отиде неколку пати но како илегалец.

Во тоа време врските на Организацијата со Бугарија беа веќе големи и одеа преку Штип. Централниот комитет почувствува потреба за постојан сооднос со внатрешноста и со Врховниот комитет во Софија.

Случајот кој го донесе Делчев во Софија беше Централниот комитет кој неговото присуство го искористи и го определи за свој претставник таму. Делчев остана до 1903. кога од Подрум Кале дојдоа д-р Христо Татарчев и Христо Матов кои го земаа местото на претставник на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација во Бугарија.

Така Делчев е првиот илегален деец меѓу повидните и прв претставник на Организацијата во Бугарија.

Нашиот љубимец Гоце и таму ја игра својата улога, првенствено поаѓајќи од своите лични ставови.

За да се искаже целата фактичка дејност на Гоце во тој поглед треба да се напише историја на револуционерната борба, затоа што како претставник во Софија, Гоце беше замешан во целиот организациски живот.

Во тој однос тој беше антипод на Пере Тошев. За да се определи неговото значење и при извесна желба да се настои да му се најде место во Организацијата, достатно е да се истакне неговата лична улога и тоа што му го определува неговиот индивидуалитет во општата организациска средина.

Тука Гоце беше голем и беше незаменлив. Навистина многу од неговите другари - водачи создадоа многу самоуверени поединци со своите зборови и дела, нешто кое ја одразуваше силата и духот на авторот на таквото влијание.

Но, кој може да каже дека Гоце со своите квалитети на автор на такво влијание не беше најподобен?

Кој не беше ја проверил силата на неговото влијание?

Ретко имаше луѓе кои можеа да се спротивстават на хипнозата на неговите зборови и постапки. Јас самиот на себе ја почувствував многу пати хипнозата на неговите постапки.

Првпат се сретнав со него во Солун 1895 година. Тој ми пристапи со скромност на момче и со некоја благородност, но без многу да инсистира, па под негово влијание јас отидов да извршам обиколка во Струмица.

Четништвото беше местото каде Гоце се чувствуваше најдобро во својата стихија.

Преку него тој наоѓаше можност да ги задоволи своите две тежненија:

- Да се движи меѓу селските народни маси широко и слободен од секакви ограничувања;

- да ја излива својата енергија во реализирање на своите замисли во секое време.

Неговата експанзивност, неговиот полет да мери простори за работа и движење беа широките полиња на четничката дејност.

Четништвото како институција, која одигра првостепена улога во Организацијата има своја историја и свои длабоки причини. Организациското раководство играше своја улога во развивањето на таа институција: во оцртување на неговата програма и дејност.

Гоце со својот полет се издигна над легалните организациски средини. Тој таква средина си најде во четништвото. Во неговата природа беше присутна четничка наклоност, а карактерот му одговараше на четничкиот живот.

Во четничките средини тој се чувствуваше меѓу свои, таму беше свој. Во нивните односи имаше блискост. Врз таа основа тој со своите духовни предности го доби оној восхит во тие средини, што претставуваше негова сила во Организацијата и неговото главно значење во неа.

Појавата на четништвото како институција имаше свои причини кои произлегуваа од условите на животот. Четништвото си

има своја историја, свои основоположници и типови. Во тој однос, личниот елемент нема место во него. Во оние односи каде личната улога беше допуштена, како на пример, во општото раководство во правец на дејноста и во нивниот дух, лично Делчев значеше толку, колку целото високо организациско раководство. Затоа меѓу раководните првенци, тој беше единствен во непрекината и непосредна врска со четничките средини и со предности кои тие му ги признаваа.

Да изнесам уште некои појави од неговиот живот во Организацијата, во која неговото влијание играше, пред сè, улога која го определуваше неговото вистинско значење меѓу дејците и раководителите, меѓу кои тој се истакнуваше со своите особини.

Со кама стисната силно во раката како во екстаза, со движења кои ги правеше пред другарите, без некому лично да му се обраќа со зборови на восхит, просто ја опеваше камата како симбол на некаков култ.

Секој којшто го слушаше или гледаше во таква положба, се заразуваше од неговите движења и зборови.

Свештеник не ја бакнува иконата на Христос кога проповеда со таква топлина и воодушевување, како што Гоце ја бакнуваше својата кама, пред да ја стави во нејзината футрола. Поетот не го опева така вдахновено својот објект како што тој ја опева својата кама со зборови кратки, но многу топли.

Гоце и самиот јунак, имаше голема слабост кон индивидуалните појави на самостојност, а со својот пример има крупни заслуги за Организацијата. При создавањето кадри од таквите поединци, неговата заслуга за Организацијата беше огромна. Во тој однос тој беше незаменлив. Неговото влијание во тој однос врз работниците го одразуваа духот и внатрешната сила на самиот автор. Гоце, самоуверен во исполнувањето на својот долг, имаше огромо влијание.

Гоце беше голем почитувач на личното јунаштво, зошто и тој самиот беше таков и тоа го докажуваше со жив пример. Тој не

запираше пред вистинската смрт, која би можела да се избегне. Никој, никаде и никогаш не забележал кај него белези на страв или збрканост во случај на средба со потери или кога му јавуваа дека претстои некоја опасност. Своето презирање на смртта кај него беше природно и неизвештачено, тоа се примаше како едно душевно чувство што беше неразделно од неговата природа. Вакво влијание во тој правец беше огромно и многу значајно кога ги правеше многубројните посети на четите.

Делчев секогаш ја ставаше на чело единката која имаше колективна целина. Една од неговите основни задачи во неговите агитации беше да создаде такви типови кои ќе го подигнат духот на луѓето за поединечна работа и борба, за лична иницијатива.

Тој работеше и создаваше индивидуални сили, кои се вткајуваа во организацискиот морал и во создавањето кадри од таквите сили, кои ќе бидат моќен придвижувач на делото. Камата, неговиот најсилен инструмент, беше моќно средство за изразување на самоувереноста и симбол на терористичката дејност во Организацијата, затоа што со неа можеше да се користи само човек со полна самоувереност, додека со револверот и пушката можеа да се служат и послаби луѓе. Камата одигра крупна улога во животот на Организацијата во прво време, а пушката подоцна.

Гоце ја опеваше камата како оружје на теророт во Организацијата и дејствуваше со неа како агитатор, но самиот тој лично не се служеше, дури и во кавги, ниту како деец. Во кавгата со Саракинов во канцелариите на Комитетот, тој имаше можност да ја употреби, но во борбата со него ја претпочиташе физичката сила.

Камата, како најсигурен инструмент на двојна смрт (убиство и евентуално самоубиство) дејствуваше без грешка и како симбол на самоувереност беше предодредена да игра и воспитна улога за создавање кај работниците дух на самоувереност и саможртва, затоа Делчев ја засака, ја избра и ја претпочиташе пред револверот.

Во редовите на терористите имаше вистински мајстори на камата. Спиро Келиманот обично ги фаќаше жртвите за десната со својата лева рака, и кога жртвата несакајќи ќе ја дигнеше левата рака за одбрана, тој му ја забиваше камата право во срцето. Ако не го погодеше во срцето, а тоа ретко му се случуваше, тој ја пушташе жртвата со предубедување, дека човекот имал дни да живее.

Нечо од Битола ја забиваше камата само откако ќе ја легнеше жртвата и ја притискаше со колено, но пред да му ја забие камата, се прекрстуваше, бидејќи беше побожен и допушташе убиство само кога тоа се правеше за народот.

Хаџи Коцев се фрлаше како мачка на грбот на жртвата и операцијата ја извршуваше на вратните жили итн.

Спиро Келиманот од Штип, кавалерот на камата, беше лично создаден од Делчев. Тој го извади од дното на општествената кал и создаде од него легендарен херој, кон кого покажа почит и страшниот Дервиш ефенди за време на Виничката афера, кога успеа да го фати во една скривница и му се поклони.

Делчев ја поддржуваше поединечната сила во борбата според свој личен вкус и од свои обзири.

Вистински борец за него беше поединецот, а не колективот и востанието тој го разбираше не во форма на две противнички страни, туку како поединечна борба на секој роб, на секој потиснат, насекаде, на секое место, во секој момент и во секој одделен случај.

Колку Делчев бил јуначен покажува, и случајот кога тој цела зима преседел во една пештера во БОЗ Даг Планина, кога бил повикан заради потребите да се стават темелите на Организацијата во Серско и Драмско. Тогаш му измрзнале рацете и оттогаш остана чолак, со еден прст.

Исто така, типично за неговото херојство се и двата случаја - заробувањето на струмичкото бегче и борбата во село Баница, каде ја најде својата смрт како последица на својата решителност.

За време на фаќањето на бегчето тој не оставил другите да го стӧрат тоа. Тој му се испречил пред расниот коњ, кој се исправил

на задните нозе и малку недостасувало да биде смачкан под неговите нозе. Во борбата со коњот тој ќе бил убиен од бегчето, ако Глигор Sверката и Михаил Попчето не претекнале да го симнат бегчето од коњот.

Пак во тој дух е карактеристична постапката на Гоце со Георги Иванов, началник за време на Виничката афера, кој беше ги предал за време на аферата и беше турски доушник. Тогаш сите очи на штипските и кочанските водачи беа свртени кон Гоце, но Гоце не даваше да се убие, во името на претходните врски што ги имаше со него за време на убавите месеци на Организацијата во Штип и поради големата доверба кон добрината кај луѓето.

Тој се сретна со него во Софија и му поверува кога тој му се извини.

Гоце беше сејач на омразата кон предавниците на народот, како што сакаше да ги казни шпионите и измамниците како и кон тиранинот, како што ги наречуваше Турците, беше мек по душа и одеше по патот на проштевањето и поштедата. Тој секогаш ослободуваше, дури и Турци кои беа паднале во рацете на четите, за да не се пролива невина крв.

Тој, човек на смртта, не му даваше никаква вредност на сопствениот живот, беше чувствителен до солзи и паѓаше во голема тага за време на смртта на други, особено кога смртта беше последица од некое херојство.

Тој воопшто го ценеше животот. Дино Лазаров од Банско раскажуваше, дека Гоце кога се вратил за првпат во Разлог - како илегалец, Комитетот го прашал дали да го убијат момчето што ги издаде на предавниците. Тој не им ја одобрил намерата со зборовите: „Лесно е да убиеш човек, но тешко е да се создаде. Вие направете го наш работник".

За првите работници - отстапници и предавници кои беа ликвидирани, тој не се противеше, но таквите случаи го правеа тажен.

Гоце го делеше своето чувство со народот по однос на омразата кон Турците, но тој не се солидаризираше со него да мрази

само заради тоа што е Турчин и проповедаше борба против властите и злосторниците Турци, а не одмазда кон сите Турци.

Портретот на Делчев ќе го завршам со неговата улога како илегалец, уште во три правци од неговата организациска дејност, во која неговиот индивидуалитет дојде до силен израз.

Очајната материјална положба предизвика Организацијата да преземе очајни мерки.

Првиот организациски војвода Илија Крчовалијата и вториот, Илија Попето беа врбувани во името на таа потреба и беа испратени во внатрешноста со мисија да најдат средства за таа потреба по секоја цена, но тоа не успеа.

Во текот на 1897 година поради големата потреба од материјални средства, Гоце замина со чета и одбрани другари во Кочанско, за да го фати познатиот богатник Черкез, од село Буково.

Во селото имало 3-4 турски куќи. Гоце со себе носел човек од Кочани, кој многупати бил во куќата на Турчинот и ги познавал сите во куќата. Од Виница бил повикан Чучков. Идејата да го нападнат буковскиот Турчин Черкез му ја дал тогашниот раководител од Кочани, Хаџи Димев.

Една вечер го опколиле селото, една група влегла во куќата на Черкез, кршејќи ја вратата. Черкез тогаш бил в град. Неговата жена се исплашила и го донесла сандачето со пари, во кое нашле само 70-80 меџидии.

Чучков го предупредил, според неговото кажување, дека Турчинот тогаш не бил при пари, бидејќи пред тоа купувал афион. Селаните од соседното село му ветиле дека ќе го известат кога Черкез ќе има пари и кога тој ќе биде дома, но тој не се согласил да се одложи работата поради честа и за да не ги разочара момците. „Сум дошол еднаш со толку луѓе и ќе ја завршам работата така, како што ќе даде Господ“ - бил неговиот одговор кога му рекле да одложи.

Со двајца момци заминал за Штип на неколку дена, а неговата чета преку Плачковица се префрлила во Радовишко и Струмичко,

каде што по неколку дена ја нашол, за да преземат акција за фаќање на струмичкото бегче.

Неговото одење во Струмица било од истите потреби, да се соберат материјални средства за Организацијата.

Планот бил направен за фаќање на бегчето. Гоце презема очајна и ризична одлука со цел да добие поголем откуп од татко му.

Акцијата успеала, а струмичкото бегче по сите ајдучки правила требало да се држи врзано и под строга стража.

Сандански и Чернопеев под стража ги држеле мис Стон и Цилка, и покрај тоа што знаеле дека нема да избегаат, ниту да ја изневерат Организацијата.

Гоце, егзалтиран од предлогот на другарите, не прифати да го врзат бегчето, бидејќи било ниско да се мачи беспомошен човек кој им паднал во рацете и срамно за еден деец со идеал, да не може да го чува заробеникот. Другарите го послушале бидејќи биле воодушевени од фаќањето на бегчето.

Но, една вечер Гоце заспал, бегчето му го зело револверот (можел да го убие) и дим да го нема, избегало од колибата.

Стражарот во кругот ниту можел да пука ниту да го стигне по удолницата во шумата.

Опасна и неповолна беше состојбата без материјални средства. Работата ја почнавме без да имаме сантим во џебовите.

Кога ние се црвевме пред мајсторот-туѓинец од нашата сиромаштија, која сакавме да ја прикриеме во почетокот, Врховниот комитет во Софија спореше со нас кој треба да го дигне востанието во Македонија, тој или Централниот комитет, а емиграцијата му приговараше со зборовите дека место да го прави тоа, материјално да нѐ поткрепи.

На два пати, потребата за материјални стредства го турнаа Гоце во внатрешноста, еднаш во Пиринско, за да фатат некој богатник од Драмско.

Во фаќањето на мис Стон тој немаше директно учество, затоа што во тоа време беше на другиот крај на Македонија, но

тој му ја даде идејата на Сандански за фаќање на некои богати луѓе, кои одеа на џумајлискиот панаѓур.

Фаќањето на мис Стон беше случајна работа, по неуспехот на првиот проект.

Веднаш потоа заедно со четата на Бозуков отиде и во Пиринско, по желба на Комитетот на Сарафов, кој претендираше да се проверат на лице место податоците кои му ги дававме ние. Тогаш го зел со себе стариот војвода, арамијата Кочо Муструкот, со намера да го советува, но среде Пирин тој го напуштил и заминал да си го брка арамиството.

Делчев се искажа во целата своја форма како илегален деец, кога во целост се оддаде на своите намери, доби можност да ги покаже своите внатрешни пориви и најде поле за слободен полет на своите чувства.

Тесни му беа рамките на легалната дејност како револуционерен деец во Македонија. Тој беше обврзан, од една страна, од несовладливите препреки од турската будност, а од друга, од големите ограничувања коишто се наложуваа или самиот беше должен да ги наложи за заштита на делото.

За деец со темперамент каков што го имаше Делчев, задушлива беше атмосферата каде што треба да се зборува со шепот по ќошињата и темните места и да се оградува со сите можни мерки. Мачни беа за него ограничувањата кои ги бараше конспиративноста, затоа што тој не беше човек кој можеше самиот себеси да се присилува на такво нешто.

Селата каде што беше ја насочил својата дејност беа неговата слобода, каква што немаше во Штип и Разлог. Сенката на моралната одговорност за евентуалните несреќи на луѓето и работата, го следеше постојано.

Сржта на револуцинерната дејност, Делчев ја искажа во Македонија, како илегален деец. Таму тој ја вложи целата своја душа и младешка енергија и ја искажа целата сила на својот дух.

Тој често одеше во Македонија за да им се приклучи на месните чети.

По подолг престој во Софија, чувствуваше дека насобрал огромна енергија и чувствуваше потреба да ја излее. Во тоа време правеше најмногу планови. Често бегаше од стегите на софиските работи. Најобичен повод за одење му беше некоја потреба која доаѓаше од внатрешноста или беше наложена однадвор.

Во оваа беседа на неколку места ги спомнувам случаите кои го натераа да оди во внатрешноста. Сега ќе спомнам уште неколку случаи за кои се сеќавам. Уште на самиот почеток тој неколку пати одеше со старите војводи - Кочо Муструкот и Крсте со намера да повлијае и да ги смири нивните односи со учените луѓе од Организацијата. Тоа му беше еден вид чираклак во четништвото, затоа што тој немаше одено со чети.

Гоце му беше дал на Бозуков полна слобода за односи со масите. Но, луѓето од организацијата, покрај сè, одеа пак кај Делчев. Бозуков, којшто беше малку навреден од таквиот однос, посака да се оддели од него и со својата чета замина понајуг, за тоа Гоце му даде слобода и согласност да го направи тоа. Во таа посета тој констатирал дека има огромно влијание и нераскинливи врски со населението.

Морален до скрупули, Гоце во тој однос секогаш го бараше истото и од четите, поткрепувајќи ги барањата со сопствен пример. Ова имаше голем одзив во душите на четниците, особено кај началниците на четите.

Ова учествуваше во зачувување на идеалноста во дејствата на тие инструменти кои се со две острици и се многу опасни за служење со нив, ако во нив нема длабок морал и сенка којашто ја контролира секоја нивна намисла и секое нивно дело.

Таква сенка во Организацијата беше Делчев.

Дејноста на Делчев се искажуваше во три правци:

1. Неговото учество во општествените борби во Бугарија во врска со ослободителното дело;

2. Придобивање луѓе и донации од Бугарија за внатрешноста на Македонија;

3. Неговото непосредно дејство во Македонија.

Во Бугарија положбата на организациските работи беше многу деликатна, во однос на чистите револуционерни работи во Внатрешната Организација. Потребата од апсолутна тајна на фактичките работи беше иста како во Македонија, дури и поголема, затоа што, од една страна, разузнавачката мрежа на турската амбасада, широко и модерно уредена беше поопасна од турската полиција, од друга, зборливоста на овдешните луѓе на слобода, каде што нема личен ризик и страв, обично беше многу поголема од вообичаената.

Штетите внатре се должеа најмногу на случајностите и на софиската слобода за зборување.

Тоа го натера Претседателството во Бугарија да нареди сè што се случуваше во внатрешноста на Македонија, да се одвива во конспиративни услови.

Во разни градови во Бугарија Организацијата имаше свои луѓе, а во пограничните градови и во понекое село се формираа пунктови, во почетокот со луѓе кои се беа зафатиле да ѝ служат на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. Групи од такви луѓе по пунктовите, како посредници или курири, извршуваа огромна работа за предавање во внатрешноста на помошта што доаѓаше од Бугарија. Меѓу тие луѓе со текот на времето, се создадоа типови како Н. Малешевски од Дупница, за кого делото стана и тело и крв и кој со својата верност и заслуги може да се стават на чело на верните луѓе во Организацијата. Јане Сандански во почетокот му беше помошник на Н. Малешевски во Дупница.

Значењето на тие пунктови не се ограничуваше само на едно просто посредништво, без учество на Претседателството и внатрешноста. Тие беа душата на комитетите во пограничните места.

Луѓето кои не ја познаваа од блиску нашата работа, не можеа да си објаснат како е можно да се пренесува толкаво количество

на материјали (повеќе од 10. 000 пушки, неколку илјади бомби и др.) и да минуваат толку чети, и тоа безопасно, и покрај засилената турска контрола и безбедност. Објаснувањето беше во добрата организација на куририте и пунктовите. Тие прости луѓе со огромна вештина, не признаваа препреки на патот на својот долг. Тие ги заобиколуваа пречките и врвовите без да запрат, како што се движи водата по земјата. Во секое време тие се ориентираа во условите на движењето со голема точност и со една внимателност која можат да ја имаат само бистри луѓе.

Ја знаеја секоја точка во своите реони, се движеа ноќно време и секогаш стигнуваа на определената точка во точно определеното време.

Нивната грижливост беше татковска, а самоувереноста ги правеше да се бесстрашни.

Во 1903 година, си спомнувам - останав зачуден кога курирот на нашата чета на неколку саати од границата навнатре, во темна ноќ, по стрмен пат на Султан тепе, над Костурската Река, низ шума, нè однесе на една ливада која беше среде во шумата, како геометриски да го измерил местото.

По патот, со пушка в рака или на рамо, молчалив и трпелив одеше без да прозбори. Кога стигнавме на ливадата првпат отвори уста. „Овде ќе пладнуваме".

Улогата на тие луѓе, вградена во идеалот на кого му служеа, не се ограничуваше само во нивните поштенски задачи. Тие беа десната рака на пунктовите, и беа душата на нивната работа. Тешкотијата на задачите се состоеше во тоа што тие требаше да водат сметка за сигурноста на материјалите и за спасувањето на животите на многу четници и бегалци кои ги префрлаа преку граница. Сето тоа лежеше на нивниот грб. Пред да се засилат четите и четништвото, тие беа единствените вооружени луѓе на кои им се даваа најсложените задачи, не исклучувајќи го дури и обезбедувањето на превозот на оружјето, за време на превозот и за време на терористичките акции.

Сите тие беа стари познаници на Делчев, негово дело и негови другари. Од неговото писмо, од кое ви давам факсимил се гледа јасно каква срдечност постоела во нивните односи и колку многу тој ги ценеше. Во неговото писмо за Васил Тупарлијата од Малешевско, долгогодишен работник кој беше толку навикнат да ја преминува границата, кога ја пренесувал фамилијата во Ќустендил, се вратил преку граница да земе една мала работа која му паднала по патот. Тогаш го убиле. Во своето писмо Гоце не жали само работник на Организацијата, туку за својот другар и човек - Васе.

Како Васе имаше познати во повеќе реони кои лесно ја минуваа границата: Ангел Винички, кој загина во 1902 година како четник; Станоја од едно паланечко село, убиен на „мртва стража" во текот на 1897 година како курир, кога префрлал оружје; Коле Сарафчето од село Саса (Кочанско) кој е сега жив во своето село; Глигор Крстевски, кого другарите го викаа „Sверката", затоа што многу често го употребувал зборот sвер, (тој е од Будимирци, сега жив старец во своето село); Стојан од село Лешница (Пијанечко) умрел од туберкулоза во Дупница и др.

Бидејќи Централниот комитет среќаваше пречки во своите односи со тие комитети, поради растојанието и отсуство на извештаи, тие беа повеќе под влијание на пунктовите.

Делчев ги формираше пунктовите во Ќустендил, Дупница и во некои погранични села околу нив, уште кога беше во Штип, како легален работник таму. Кога се прибра во Софија, ја прошири мрежата по целата гранична линија.

Пунктовите и луѓето во нив се сметаа организациски независни, но во текот на целото време тие останаа главно под негово лично влијание, затоа што луѓето беа од него одбрани и нему му беа привржани.

Во тајните организации, тероризмот се применуваше со двојни цели:

1. Како средство за добивање приврзаници, и

2. Како заштита од предавства од свои или надворешни луѓе, кои ѝ служеа на власта, кои му пакостеа на делото, а често и како средство на добивање материјални средства.

За снабдување со средства било во Бугарија било во Македонија, Гоце претпочиташе да се применат ајдучки средства за земање пари од богатите, отворено, а не со лаги. Имаше грабнувања на луѓе за откуп, кое Тодор го применуваше на поширок круг на луѓе.

Во нашата Организација теророт[1] се употреби за агитирање само во неколку случаи и тоа заради неопходност. Јас се сеќавам на два случаја на насилство, и двата, со морално дејство.

На пример, Апостол војводата во едно село во Енице Вардарско ги натерал првенците на селото да му дадат збор, дека ќе влезат во Организацијата за да работат слободно посиромашните селани што веќе беа влегле во неа.

Христо Чернопеев ги беше натерал сите селани од Костурино да влезат во Организацијата, затоа што селото било на патот од Струмица кон Вардарската Долина.

Михаил Попето во едно гркоманско село, кое му беше неопходно за сободно движење на четите и за превоз на материјали, спроведе морален терор над коџобашијата - првенец во селото, за да го дотера на ред и да престане со кодошење кај Турците.

Тој со својата чета сред бел ден влезе во селото преоблечен во војничка униформа, му влезе во куќата, ја соблече униформата, па кога првенецот го видел, се стаписал од страв. Го смириле дека ништо нема да му направат. Тој почнал да ги моли да не го компромитираат пред селаните бидејќи тие можеле да јават на власта. Попето му одговорил: „ако ти е страв дека селаните ќе кажат дека во твојата куќа се кријат комити и ти си играл оро со нив, тогаш и ти откривај ги другите, кога ќе ги видиш со комити или

[1] Многу често под поимот *терор* се подразбира притисок, форма на убедување. (заб. на Ред.)

кога вршат некоја комитска работа. Како што гледаш ние сме добри луѓе и не сме лоши комити". Попето беше познат мајтапчија. По овој настан коџобашијата станал одличен работник на Организацијата.

Во селото Дели, близу до Кочани, се создал голем извор на србоманство, а селото беше многу важно за Организацијата бидејќи се наоѓаше на патот по кој се движеа организациските работници. И тука се примени морален терор. Имено: четата на дедо Иван оставила 3-4 товари со пушки под селото, и се повлекла да го помине денот на безбедно место блиску до селото. Селаните биле многу уплашени кога го виделе оружјето. Тогаш дедо Иван им раскажал дека пушките се на некои бугарски комити, кои се подготвувале да дигнат востание за да ја преземат власта од Турците. Селаните останале засрамени дека само тие биле надвор од работата, затоа што се кажале дека се србомани отцепени од народот, уште другиот ден се откажале од српството и сите станале добри работници на Организацијата.

Искушенијата од ваков вид беа големи, особено во мешаните села со гркомани. И во нашите села имаше опасност од првенците на селото, заради тоа другите селани се плашеа од нив и тешко се решаваа да влезат во Организацијата.

Во прво време, кога страстите во националните борби не беа сталожени, Централниот комитет беше опсипан со разни предлози од месните комитети, претежно селски, и од нивните раководители - повеќето учители, за да се послужат со силата на Организацијата за да ги натераат во ред гркоманите и некои првенци на селата, а ако не успеат да ги истребат.

Организацијата го прифати системот на убедување и морално дејствување и не дозволи да се исполнат таквите барања.

Таа искажа умереност и мерка за употребата на теророт како средство за добивање метеријални средства. Повеќе се служеше со сугестии и само во краен случај се посегнуваше по животот на непослушните.

Против своите надворешни и внатрешни непријатели, таа се служеше со терор во неговата најсилна форма - убиството, затоа што целата работа беше игра на живот и смрт.

Во почеток таа служба се вршеше од специјални луѓе - терористи, кои беа нејзината единствена активна сила, а подоцна истата функција се префрли на четите.

Во врска со теророт ќе забележам еден конкретен факт. Во ерменската револуционерна организација во Цариград - 1894 година, уште во нејзините први денови, по основањето на Комитетот во самиот центар, имало турско „уво". И во руската ова нешто било присутно. Азаеев е еден тип на таква појава.

Македонија може да се гордее со фактот, дека предавството, сопатник на секоја голема одрганизација, го немало. Во нашата Организација не само што во минатото, кога нејзините редови се полнеа со одбрани луѓе, туку и подоцна, кога таа стана сенародна и работите се вршеа јавно и доста слободно по градовите, остана недопрена.

Случаите на предавство, доколку ги имаше, казнети или не, се должеа на расипаноста на поединци.

Тие обично се должеа од следните причини: мачења, страв од мачења, страв од затвор и, на крај, од душевно попуштање.

Најлошиот пример меѓу кодошите (шпионите) беше Петар Лачушев од Битола кој стана таков заради душевно попуштање и страв да не биде испратен во Мала Азија, во заточеништво.

Во идеалниот период - до востанието, особено откако Организацијата даде докази дека се бори само за слобода, без да се меша во националните борби, ние немавме причина да бидеме незадоволни од држењето на народните маси.

Делчев беше решителен противник на агитација која се спроведува со терор.

И со право, Гоце се жалеше дека ајдучките работи не му одат како треба. Тој беше ентузијаст по природа. Во своите зборови и дела внесуваше чувства и појавуваше ентузијазам. Сè што

преземаше се должеше на неговиот буен внатрешен порив, кој го правеше да биде незадржлив. За сè беше виновна неговата непоправлива одушевеност од работата.

Се случуваше и на Турци да им проповеда револуционерни идеи и се надеваше дека ќе ги убеди во нив.

Претставништвото во Бугарија во почетокот настојуваше по секоја цена постоењето на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација да остане тајна. Нејзините пријатели во Софија и во провинцијата беа поединци, со кои врските се одржуваа на конспиративни (тајни) начела. Секоја афера, покрај последиците придонесуваше бугарското општество да разбере за постоењето на Организацијата, за нејзините широки размери и за големите и материјалните подготовки кои се преземаа. Гласот на будење на македонскиот роб стана општествено прашање во Бугарија и создаде расположение во општеството во нејзина корист.

Од своја страна, офицерството кое сметаше дека македонското ослободително дело е во нивен домен, на чело со оние млади офицери кои зедоа учество во востанието во 1895 година, покажа интерес за македонската организација и ги предложи своите услуги, во почетокот поединечно, а подоцна групно, во тајните офицерски братства, на чело со генерал Цончев (тогашен полковник). Прво тој беше само на услуга на Организацијата, подоцна застана на чело на емиграцијата.

Од друга страна, идеалот на идеалите на македонското ослободително дело и моралниот карактер на борбата за него, ги возбуди и привлече младите сили низ цела Бугарија.

Делчев се движеше меѓу првата категорија со цел да извлече колку може повеќе материјална корист (главно оружје), а кон втората категорија искажа особена слабост. Таму тој се почувствува во своја средина и ја истакна силата на својот дух и полет. Младината од него црпеше смелост и верба за да се фрли во неизвесност, искажувајќи ја својата сила со огромна одушевеност.

Делчев на нив влијаеше не со убедувања во некакви идеали, туку со својот ентузијазам, со своите кратки, живи и отворени зборови, со својата природа и, најпосле, со својот живот.

Хотелот „Батемберг“ во Софија, куќата на баба Дона во Ќустендил, и онаа на Малешевски во Дупница, беа свртaлишта на таа младина, тие се од првокласно значење и сведоци на многу настани во тоа време.

Атмосферата во тие свртaлишта беше одлична за сите, за старите четници и дејци, и доколку во свртaлиштата не беше Делчев, во нив се чувствуваше неговиот дух, кој ги заразуваше сите млади кои ќе влезеа таму.

Еден кружок од 22 момчиња во самоковското училиште, друг од учениците на Ќустендилската педагошка гимназија, група од студенти од Софија и други такви младинци од разни категории и поединци отсекаде на Бугарија. Таа младина се впушти во борбата за ослободителното дело со чиста ангелска душа, со верноста на младешкиот ентузијазам и со пламена љубов кон страдањата на човекот, внесувајќи голема животна сила меѓу населението.

За нивната беспримерна скромност и чесност, населението ги награди со безгранична милост и со срдечна љубов за време на животот, а за време на нивната смрт, на пример, во Велешко во 1904 година, со голема милост и насекаде се слушаа пофални зборови за Никола Дечев од Стара Загора, кој таму беше војвода, кои ги искажуваа и машко и женско.

Ликовите на Јуруков и Пешо од Тиквешко беа запечатени во срцата на секој тиквешанец.

Убиството на Тошо Иванов од Луковит, и на Крсто Асенов од Сливен, тажен настан за 3 околии итн.

Организацијата во Бугарија почна да бара и да ја парализира предноста на противникот - модерните средства за борба. Имаше планови за набавка на лесни топови и друго современо оружје.

Најпозитивно Организацијата се произнесе за експлозивните средства - бомбите и динамитот.

Уште првата година Даме Груев со торба леб и сирење на рамо, како бај Гањо, замина за Белгија, мисија која му ја даде Централниот комитет, за да се здобие со искуство за правење бомби и динамит.

Но, тој не успеа во тоа. И во Софија се испитуваше истата работа да се дојде до сознание како се прави тоа, но не се успеа затоа што покојниот Н. Туфекчиев од ова си направил добар извор за богатење, го монополизира и го однесе со себе во мрак.

Делчев ја доби среќната околност да биде пионер на таа работа во Внатрешната Македонска Револуционерна Организација.

За време на неговото прво доаѓање во Бугарија тој здоби извесен број на бомби, дел од нив на два пати ги испрати дури во Битола. Пристигнувањето на бомбите во Битола беше за нас настан од прв ред, кој предизвика воодушевување, дури и во тврдокорната душа на Пере Тошев.

Ние ги пренесувавме со особена претпазливост, ги преместувавме 3-4 пати од место на место, едно заради сигурност, друго заради фактот дека требаше да бидат видени од поширок круг работници на Организацијата.

Делчев ја формираше и ја раководеше Сабјарската организациска фабрика за бомби.

Покојниот Иван Топалов, даровит механичар, кој прв ја конструираше пеколната машина, која се курдисуваше како часовник, предизвикуваше експлозија во точно определено време (саат и минути), беше личен пријател на Гоце во Софија. Братот на Туфекчиев му ја откри тајната како се прават бомбите и со средствата што се добија од аферата на мис Стон (под негово раководство се трошеа тие средства) почна производството на бомби непосредно пред востанието.

Во 1901 година Гоце со чета тргна за Битола со две намери:

1. да се запознае со одвивањето на борбата со врховистите, и

2. да се запознае со положбата во Јужна Македонија (Леринско и Костурско).

За да биде подобро ориентиран по прашањето за превоз на оружјето во тие краишта од Битолско, затоа што во тоа време од Софија беа испратени луѓе во Грција со мисија да соберат средства, да купат оружје и да се грижат за отворање канали и превоз на оружјето.

Таму свои луѓе испрати Сарафов. Беа испратени луѓе и од наша страна и затоа имаше недоразбирање за тоа прашање. Меѓу другото, Гоце сакаше да ги поттикне месните комитети сами да си го решат прашањето со собирање пари и самите да си купуваат оружје, а не да чекаат средства од Софија, која со медот им испраќаше и отров.

Во текот на 1896 година на враќање од Солун преку Цариград и Варна, во тој последен град ми се овозможи да ја откријам „нашата Америка".

Таму се запознав со месниот огранок на Ерменскиот комитет, кој ми го даде на располагање нивниот мајстор за леење бомби, некојси Киркор.

Во селото Сабљар, на Осоговската Планина (Ќустендилско), близу до границата, Гоце со кралимарковски усилби ја формираше организациската фабрика за бомби во една приспособена селска колиба.

Делчев го понесе целиот товар и целиот труд за пренесување на потребните материјали со самото формирање на фабриката.

Тој скоро целото време остана да раководи со работите во фабриката со своите помошници - Тане Мерџев и Гоце Тагециев. Тој го носеше целиот товар и тешкотии на фабриката и сите незгоди што им се случија во текот на работата на работниците, кои беа луѓе од Организацијата.

Го затекнував многупати како го врти тешкото тркало на машината за да им даде можност на другите да се одморат и да ја изедат чорбата од зелје со малку ориз и со црн сабљарски леб што таму им се подготвуваше.

Огромни беа тешкотиите. Во Бугарија се работеше тајно.

Под постојана контрола на полицијата беше многу потешко отколку во внатрешноста на Македонија, а ние си мислевме дека ќе ја избегнеме контролата на власта и со тоа само си ги зголемувавме тешкотиите. Во секој случај властите, кои лажеа дека фабриката се наоѓа преку границата, во Турција, го разбра местото на фабриката на крајот на нашата работа и тоа по претставка на турската амбасада во Софија. Полицијата ја затвори фабриката. Маките никому не му пречеа бидејќи се реализира една дамнешна желба на Организацијата.

Фабриката направи повеќе од 1.500 бомби, од различен вид, состав и големина, сите беа посовршени од бомбите што ги правеше Туфекчиев.

Ние имавме 3-4 товари бомби од по 50-60 килограми тежина кои требаше да ја играат улогата на чрешовото топче - да внесат страв кај противникот и да дадат смелост кај нашите.

Подоцна вештината за леење бомби веќе беше позната и пошироко во Организацијата, тие се лееја во тукашните леарници за пари, се разбира тајно, и во многу сложени услови.

Значи, се најдоа патишта како да се леат бомби, релативно поевтино, а за дотурот на експлозивни материи за бомбите и динамитот, Делчев ги употреби парите добиени од аферата мис Стон еден дел, а другиот дел од парите се употребија за снабдување со пушки, патрони и револвери, затоа што тогаш преовладуваше атентаторско расположение.

Во прво време раководството на Организацијата си го задржа правото како да ги распоредува и како да се употребуваат експлозивните средства.

Негово беше решението, овие средства да се чуваат кога ќе дојде времето на востанието, тогаш да се постигне неочекуваното изненадување, да предизвика збрка кај непријателот, а пред тоа четите да се служат со бомби за самозаштита или неопходност.

Но животот во организацијата го коригираше тоа негово решение, и покрај желбата на раководителите како Даме, Пере и др.

Атентаторството на железниците почна пред почетокот на востанието.

Виновник за тоа беше Делчев, кој прв почна со редица акции по атентатот во Ангиста.

Атентатот на Делчев кај Ангиста, на Цариградската линија, го опеа Јаворов.

Атентатот беше извршен и покрај решението на Централниот комитет.

Гоце како никогаш, во ниеден друг случај во својот живот, излезе од рамките кои беа зацртани од неговите другари и за првпат а и последен, реши да дејствува сам по свое наоѓање и нагон, тој беше во афект од таквата мисла и за нејзината примена тргна по гласот на своите чувства, а не воден од разумот и покрај фактот дека тој до таа експлозија зарази маса од поинтелегентни војводи и четници, а со атентатот во Ангиста, отвори нов вид борба со тиранинот.

Со атентаторска цел многу чети влегоа во борба, тука би ја вбројал борбата на Сава Михајлов од Гевгелиско, кој беше убиен заедно се целата чета од најодбрани интелигентни момци, покрај Вардар во Гевгелиско, без да направи, дури, што и да е.

Големи беа нашите мечти и надежи за борба со вака силно и позитивно средство како што се бомбите и динамитот.

Од атентатите на железниците се очекуваа политички резултати, со ефект предизвикан во целиот свет.

Внатре, во Организацијата, се очекуваше голем успех од употребата на бомбите и динамитот во борбата, тие требаше да нѐ доближат до победата. На крајот на краиштата, без особени резултати во тој однос, си останавме само со мечтите.

Повеќето проби за атентати на железниците останаа без успех, на пример мостот кај Зелениково (Скопско), друг во Гевге-

лија. Еден или двапати беа направени со експлозивна машина на железницата Скопје - Солун, оштети 1-2 вагона.

Исклучок се оние во Солун, со бродот "Гвадалкивир" и со банката, тие беа дело на една група млади анархисти, со средства од Сарафов, не го предизвикаа очекуваниот ефект и практично не дадоа некој резултат.

Единствената корист се состоеше во тоа што се засили заштитата на железничките линии (на секој мост и тунел имаше од двете страни војници-чувари), беа ангажирани многу турски војници.

Бомбите ни донесоа повеќе успеси, со својата ефикасна помош на четите во борбите со Турците, но за време на востанието не можеа достатно да се искористат. Во Битолско се пренесоа многу малку бомби и динамит.

На крајот стана јасно дека на Организацијата ѝ недостасуваат интелигентни работници, со знаење и вештина да се служат со експлозивните средства кои ќе бидат готови да се жртвуваат и да знаат навреме и наместо да ги употребат.

Во тој однос, Гоце не се сомневаше и самиот се беше вдал во работата со цел да пополни една празнина во организациската дејност, па макар и да не успее во потполност.

Во првиот, идеален период на Организацијата, четите беа извонредно скромни во животот, скромни во облеката и вооружувањето. За нив беше туѓ секаков раскош. Беше вообичаено да се порача по селата за јадење само леб за толку и толку луѓе, без да станува збор за некаков раскош и изобилство. Често тие просто и гладуваа.

Во прво време, по селата организираните луѓе беа малку, како поединци или групи, додека четниците имаа еден совршено тежок живот, бидејќи повеќето време го минуваа во плевни и кошари покрај селата, а џумајската чета на Чернопеев зиме и лете го поминуваше денот во трапови ископани во земја, како гробови, за да се доближат вечерта до селата и пак во плевни и колиби да

се сретнат со луѓе од Организацијата. Идејата беше освен луѓето од Организацијата и другите во селото да ги видат четите, но сепак да се скрие нивното постоење.

Туѓо беше за нашите чети да се прават паради.

Војводството и четништвото немаа ништо заедничко со ајдутството што се воспеваше во ајдучките песни, кое укажуваше на лагоден живот и задоволства.

Војводите и четниците, кои отстапуваа од тој пат и искажуваа слабости кон надворешниот изглед на војводите и нив ги викаа „капаран чауши“ и другите заради тоа им се потсмеваа.

Делчев во сите тие односи беше пример за секој четник и војвода. За целото време на своето четништво и војводство тој одеше со еден ист костум - шајачни алишта (потури и џамадан), што го зел од едно штипско село и што му стоеше кај Малешевски, во Дупница.

Беше немарен кон оружјето. Како да се срамеше од својата пушка. Не му беше пријатно да се појавува со пушка во рака пред селаните.

Како средство за заштита тој ги сакаше револверот и камата. Тие беа неговите сакани оружја. Делчев од внатрешноста се враќаше обично многу уморен и ослабнат. Како четнички тип тој беше надминат по совршенство и скрупули само од Михаил Попето, кој во тој однос одеше до совршенство. Тој одеше постојано испокинат, како циган, полубос, затоа што сè што имаше ново го даваше на четниците.

Тој ги изделкал непотребните делови од пушката за да не носи отповеќе тежина.

За време на целото свое скитање со четите по Македонија, Делчев за прв и последен пат имаше вооружена борба во село Баница (Серско), каде ја најде својата смрт.

Херојскиот елемент што го имаше во текот на четништвото не го привлекуваше, ниту пак се најде во положба како Ботев, кога очајот го натера да прибегне кон очајнички средства за да ја

рекламира револуционерната идеја и да го разбуди робот со својата очајничка смрт.

Делчев се воодушевуваше од идејата за општо-народна борба со тиранинот во чија реализација многу веруваше. Во внатрешноста тој одеше во името на таа акција и со цел да си ги одмери силите со непријателот. Според него, четите беа органи на Организацијата, кои беа најпогодни да го изодат што побрзо агитацискиот период и Организацијата да ја присилат да премине во акционен период и да настапи периодот за востание.

Според првичните задачи, четите требаше да ги заменат поединечните агитатори и да бидат активна сила, но требаше да ги избегнат борбите со Турците.

Само Апостол од Енице, Вардар и Иван од Гевгелиско издржаа една борба која тие ја покренаа на височинката Гандаж (Енице вардарско).

Сите други борби, дури и за време на востанието, беа случајни за четите поради што секогаш беа во положба да се бранат.

Делчев не се искажа како борбена сила, затоа што до крајот на животот се придржуваше на повикот четите строго да избегнуваат директна борба и тој на тоа лично се придржуваше.

Составот на четите беше многу шаренолик како со четници така и со војводи. Легалните работници од сите општествени слоеви, кога видоа дека е невозможна борбата во внатрешноста, избегаа во Бугарија и ги оставија четите.

Во Битолско и Солунско составот на четите беше од такви елементи со војводи од кои повеќето беа интелигентни луѓе, бивши учители, ретко прости луѓе. Голем беше бројот на млади интелигентни луѓе, со разни убедувања - од војнички до анархистички. Сите тие беа придобиени во Бугарија. Тие ги полнеа четите кои беа од оваа страна на Вардар.

За време на првите дни организациски живот, Источна Македонија редовно ја посетуваа претставници на ајдуштвото во тој период. Околу 15-20 војводи, како што се дедо Стојо, Кочо

Љутата, Кочо Муструк, Дончо Златков, Кочо Крилчо и др. со своите чети навлегуваа од Пирин и Огражден секоја пролет, а кога ќе дојдеше зимата се враќаа во Бугарија.

Организацискиот режим не ги отстрани „даскалите" (нашите раководители) со кои се потсмеваа некои од војводите или четниците, затоа што не биле јунаци како нив.

Како шумски птици без постојано гнездо тие се делеа, така што со 2-3 четника се растураа по разни краишта по Македонија, како на пример, Коте од Костурско, Јанаки од Кичево, Ташко од Дебарско, Иван Бабунски-Велешко, Иван Родналијата од Тиквешко, Гоце Тодоровски, Кукушко (Арџански ѓол).

Организацијата можеше да се справи со такви јунаци на подолго време. Само малкумина од нив се потчинија на Организацијата. Коте и Родналијата станаа врховисти, Иван Бабунски се продаде на српската пропаганда.

Повеќето од нив како такви изумреа, а некои беа убиени.

Целиот тој кадар од четници и војводи, многу различни по убедувања, дури и без такви убедувања, а со крајно спротивставени склоности, со нееднакви сфаќања на задачите, со разни слабости, требаше да претставуваат една целина во Организацијата. Од една страна, поручникот Никола Константинов со сликата на Сарафов во душата, Иван Гевгелиски кој му дал заклетва за верност на генерал Цончев, Апостол Енице Вардарски, Ѓурчин - Крушевски, Димко Могилчето, Битолско, сите тие селани, неписмени, со диви инстинкти, Пиперката - Демирхисарско, Иван Алабако и др. сите тие беа непоправливи и своеглави.

Од друга страна, Даме Груев, човек на систематска легална и идејна работа, Лазар Поп Трајков, човек со природен ум и длабоко народно чувство, Кунев, специјалист - анархист, Никола Петров - Охрид, социјалист, Никола Дечев - Велешко, момче со карактер на девојка, со благост на ангел и со наивност на дете, но со младешки пориви за најидејна работа, Михаил Попето, фанатизиран човек на долгот кон делото каков што може да биде шоп во нешто,

Јане Сандански, Чернопеев, Крсте Асенов, луѓе со цврсти идеали, со пориви, со бујни нагони, со импулсивност, сите тие луѓе и ним слични војводи и четници требаше да ја претставуваат во нејзиниот природен облик и да ја зацврстат нејзината моќ и единство, да ги реализираат нејзините идеали.

Како светлиот и измачен лик на мајка, којашто ги воодушевуваше сите, возвишениот идеал за идната слобода и правда на браќата по градовите и селата и нивната нескриена преданост на ослободителното дело, будеа чувства на исполнетост, и дава импулс за работа и кај најтврдокорните работници.

Тоа беа главните извори на духовна моќ која ги крепеше сите и им служеше како алка за соединување.

Под покривот на една борбена атмосфера во целата земја, во областите на високо издигнатиот народен дух, се израмнуваа рамнините и нерамнините на патот на очекуваната слобода која беше идеализирана од сенародната борба со Турчинот, во која секој негуваше надеж дека може да се искаже со сета своја сила.

На таа чиста духовна страна на ова прашање во реалниот живот, Организацијата мораше да се справи со многу тешки задачи во врска со четничката институција.

Четите претставуваа оружје со две острици, многу е опасно да се служи со нив несигурна рака. Луѓето со различен умствен и морален калибар, кои во своите раце држеа оружје, а тие беа фактичката сила на Организацијата, претставуваа голема опасност за неа. Тие можеа да ја променат, саканата основа, дури и незабележано од нив, да ја претворат во мрежа од чети, место мрежа од народни маси, уште повеќе што тие беа пионери на таа идеја, која во суштина не беше во духот на четничкиот живот, но им беше натурена од Организацијата. Навистина, Организацијата во лицето на легалните раководители располагаше со многу средства за смирување на своеглавоста, директно преку околиските и селските чети и преку авторитетниот збор на месната Организација, но

моралното дејство си остануваше многу силно за спречување на таква евентуалност од репресии и контра-тактики.

Делчев со својот огромен авторитет меѓу сите луѓе од таа средина, го носеше факелот на тоа морално влијание.

Едно „така не мисли Делчев", „Гоце така кажа", „ќе видиме кога Делчев ќе дојде што ќе каже, кога ќе одиме кај него" - важеше кај војводите исто како и најстрогата заповед што ја даваа месните комитети.

Третото средство на дејствување и влијание, кое беше својствено за Делчев, покрај неговата одушевеност која ја пренесуваше на сите, беше и неговиот личен пример.

Гоце беше олицетворение на сè што е возвишено во нивните очи, сè што значеше ослободителното дело и идеалот кој беше поддржан од сите војводи и четници. Со својата моќ тој ги отстрануваше сите недоразбирања како со магично стапче, се користеше со дејство врз пројавените слабости кај луѓето, ги исправаше различните сфаќања и, во исто време, даваше правец на дејствијата според основните положби во Организацијата.

Нема да биде преувеличено ако се каже, дека тој во таков однос беше столб во Организацијата.

Морален до скрупулозност, Гоце имаше такви барања во тој однос од сите во четата, а барањето му беше поткрепено со личен пример и тоа имаше голем одзив во душите на четниците, посебно кај началниците на четите. Ова дејствуваше со зачувување на идеалноста во дејствијата на тие инструменти со две острици и многу опасни за служење со нив, ако немаше во нив длабок морал и сенка која ја контролира нивната намисла и секое нивно дело. Таквата сенка во Организацијата беше Делчев.

Неговиот живот во четите, неговиот однос спрема четниците и населението беше образец на најидеални можности на држење, тоа беше цела школа за сите.

Тој немаше обичај да држи проповеди за работа, ја почнуваше самиот и потоа сите други го следеа.

Гоце не беше ни војвода ни четник во вистинска смисла на зборот, но врз луѓето оставаше впечаток дека е најсилниот и најјуначниот човек, бидејќи секогаш беше напред и прв.

Тој беше таков во сите работи што ги вршеше, насекаде и секогаш.

Неговата смрт се должи најмногу на тие особини. Неговите другари преку задната врата и преку соседите успеале да се измолкнат од селото и да се спасат, додека Гоце се шегувал со бабата што му варела кафе, кога му јавиле дека селото го заобиколува аскер и дека некои дури и влегле во дворот на куќата. Во својата егзалтација го отфрлил предлогот на другарите да избегаат, ја зел пушката, ја смирил бабата со зборовите „сега ќе ги истепам Турците", излегол пред вратата и почнал прв да пука со пцости и закани, додека еден куршум не го фрлил мртов на земја.

Тој занес, таа егзалтација - неговата слаба страна во ајдучките работи што ги преземаше, од друга страна, неговата сила меѓу четниците и работниците, беше заразувачка, ги потчинуваше и ги повлекуваше со себе сите околу него.

Благодарејќи на таквите особини, тој можеше да се нарече јунак меѓу јунаците, без да се бараат од него фактички докази за тоа.

Делчев беше буен, егзалтиран и незадржлив во своите пориви. Во очите на четниците и војводите со кои беше во постојана дружба, како и со селаните со кои неуморно работеше во уредувањето на Организацијата, беше пример како треба да се работи. Кон оружјето тој се однесуваше немарно, а за командување и борење, не ни мислеше.

Поголемиот дел од животот Гоце го помина меѓу четниците и војводите со кои беше во нераскинлива врска. Тој покажуваше голема слабост кон бујните идеалисти во Организацијата и најмногу со нив се дружеше.

Беше многу природен на веселби и софри кога седеше со луѓето.

Беше многу убаво да го гледаш кога ќе се фатеше на некое ајдучко оро, или да пие во некоја крчма.

Тој беше непоправлив во својата верба во луѓето и во својата самоувереност.

Неколку години беше во врска со ајдуците, како што тој ги викаше, со единствена верба дека ќе може да ги придобие за Организацијата.

Со својата дружба со четниците, Гоце беше олицетворение на идејата, моралот и поимите кои господареа во Организацијата, кои легалните работници ги шириа со зборови.

Таквите примери, покриени со авторитетот на Делчев, беа најдобриот пример, најсилна проповед на идејата за слобода, на подготвителните и организациските работи кои одиграа голема улога во четите. Со таквото држење тој беше најголем скротувач на најнезадржливите борци во четите.

Ние сме пред последните моменти од дејноста за **виновникот** на оваа беседа, кои се во врска со последниот период од неговата организациска дејност - Илинденското востание.

За поточно осветлување на тој период да го разгледаме периодот што непосредно му предходеше.

Во текот на јули 1902 година беа избрани два комитета: Врховниот комитет на Цончев и нашиот, Централниот комитет. По испраќањето во заточеништво на осудените д-р Татарчев, Христо Матов, Даме Груев и др., во 1902 година, на еден конгрес, беше избран нов Централен комитет - привремен.

Борбата на Врховистичкиот комитет со нашиот лагер, на Делчев му создаваше само тага.

Главното оружје во таа борба за нас беше убедувањето и идејата за слобода, која Гоце не ја бараше во четите, туку во сознанието на населението.

Врховниот комитет направи големи усилби да го привлече лично Гоцета, затоа што го сметаше за опасен противник. За таа

цел, тој беше избран за член на Врховниот комитет, се разбира, без негово знаење и согласност.

Новиот Централен комитет, чие раководство во свои раце го зедоа привремено нови луѓе, едно време се беше согласил за разбирање со Врховниот комитет.

Во Комитетот на Сарафов, Гоце се задржа кратко време и тоа со недоверба, а по тепачката со офицерот Саракинов во канцеларијата на Комитетот, тој таму повеќе не стапна.

Кога Цончев и Сарафов се разделија, Цончев предлагаше да се слеат со нас, против Сарафов. Делчев беше со решителен негативен одговор. Затоа оттогаш неговиот такт за борба со нив беше да ја чува границата и да се подготвува за решителен отпор и одбрана од надворешно посегање. За таа цел оттогаш почна почесто по други патишта да оди во обиколка на пограничните пунктови, за да ги стегнат редовите.

Од истите причини Гоце ги посети Михаил Попето, Сандански, Крсте Асенов, Чернопеев и редица други војводи и работници - легални и илегални.

Во борбата со врховистите во Бугарија, Гоце обично се замешуваше кога беше неопходно или кога беше предизвикан. Не влегуваше во директни борби, но понекогаш тој во борбите со врховистите се впушташе со страст.

Тој тие борби ги решаваше брзо, особено кога ќе го наговореа негови блиски или познати.

Така на пример, на едно собрание на тукашните патриоти, по долга борба тој се согласи да се јави еден човек од името на Македонците кај Фердинанд. Но, кога му предложија тој лично да го придружува, бидејќи дал согласност, тој откажа во принцип, и ги изнесе своите познати изрази на адреса на дворецот.

Ваквите обиди да го придобијат само ја зголемуваа неговата тага и страдања.

Тоа време Гоце се искажуваше повеќе со душата, отколку со зборови.

Претседателството на нашиот Комитет тогаш одделуваше малку време за таа борба, често само одвреме-навреме. Неговата главна грижа си остана работата во врска со внатрешноста, а Гоце исто така работеше одделно и самостојно. Но, кога Врховниот комитет падна во рацете на офицерите и посака да се меша од Бугарија во работите на Организацијата во внатрешноста на Македонија, Гоце беше нивниот најрешителен противник.

Зимата 1902 година, на враќање од обиколката на Битолско, во село Смиљанци, во планината меѓу Радовиш и Малешевијата, тој на чело на една чета имал средба со поголем број легални и илегални раководители од Малешевско и дел од Радовишко. Таа средба добила карактер на отстапка од правилата на Врховниот и на Централниот комитет. Софроние Стојанов, офицер кој бил на чело на една чета и присуствувал на таа средба, откако се вратил во Бугарија, расправал дека на неа се чувствувал просто засрамен за својата улога на агент во Малешевијата.

Неговите раководители му рекле дека повеќе немаат потреба од него и побарале да се врати во Бугарија.

Потцртаните редови во случајно најденото писмо од Гоце до мене, кое ќе ви го дадам на крајот, покажуваат со какво срце се занимавал Гоце со тукашните работи и колкаво внимание им придавал.

Таа линија на умереност Гоце ја држеше сè додека борбите се ограничуваа во пределите на Бугарија и додека тие не се мешаа во работата во внатрешноста на Македонија.

Крајната цел и задача на Организацијата во тој период, се разбира и на Гоце, беше востанието, затоа ќе се запреме поопширно на таа дејност, па затоа и таа не можеше да се одмине без внимание кога ја оцртуваме Гоцевата активност.

Предисторијата на тој момент во врска со личноста на Гоце е следната: Времениот Централен комитет во Солун во согласност со некои дејци од внатрешноста, претежно од Битолскот округ, беа го решиле прашањето за дигање востание во 1903 година,

пред тоа, уште есента 1902. По свршувањето на Џумајското „востание“ на врховистите од Бугарија, зимата истиот комитет беше донесол и формално решение по ова прашање, на едно собрание во Солун од привржаници на таа идеја, како претставници на еден иден конгрес да ја определат само датата и да констатираат разни подробности за востанието.

По тоа прашање не го ни побараа мислењето на Делчев, ниту пак му соопштија за преземените мерки од страна на Централниот комитет во Битолскиот округ.

Место тоа, Централниот комитет со долго писмо им соопштува на дејците, кои во тоа време се наоѓаа во Софија, да си дадат свое мислење и согласност за нивното решение. Важно беше во случајот, дека покрај Решението беа преземени мерки уште во септември, кои имаа тенденција да го наложат востанието како неизбежно во блиска иднина. Таква мерка, на пример, беше забраната во Битолскиот округ за заминување на гурбетчиите (ќумурции, бичкиции и др.), да не ги напуштаат своите села таа година со задолжение да останат во селата и да ги чекаат, макар и без работа, подготовките и самото востанието.

Јане Сандански во тоа време не беше во тек за решението, бидејќи неговите врски со Централниот комитет беа слаби, ниту пак учествуваше на Софиското собрание.

Делчев, кој секогаш добро се разбираше со него, пресметал дека само во Серско ќе најде вистинско смирување, преку искрените разговори и размена на мисли и чувства со Јане и неговите другари. Неговите намери беа засновани, зашто и Чернопеев се беше искажал за востанието преку едно писмо кое го испратил до собранието во Софија.

Во писмото и решението на Централниот комитет се оцртуваше каква перспектива стои во иднина.

Но, Гоце не беше од оние луѓе кои си правеа илузии, дека востанието ќе предизвика пропаѓање на турската држава како

победена, или султанот Абдул Хамид ќе биде принуден од надворешни сили да ѝ даде слобода на Македонија.

Тој не се надеваше дека надворешните сили ќе се вмешаат во името на правдата на нашиот народ, но затоа живееше со идејата да предизвика хаос во редовите на управувањето во Македонија.

Бидејќи во тоа време, по завршувањето на заточеништвото, осудените - др Татарчев и Матов беа испратени како претставници во Софија и стоеја зад грбот на луѓето кои ја имаа формалната положба во своите раце.

Врз основа на добиеното писмо од Солун, во Софија се одржа собрание од околу 20-тина дејци, на чело со Претставништвото, на кое зедоа учество Татарчев, Матов, Сарафов, Делчев јас и други. По опширен преглед по прашањето од принципиелни и практични гледишта, се зеде решение спротивно на решението на Централниот комитет во Солун. Со мотивирачко излагање, решението беше испратено до Централниот комитет.

И покрај тоа, како што е познато, востанието се дигна.

Гоце Делчев, Пере Тошев и јас бевме решителни противници на востанието.

Преставништвото, збир на приврзаници, убедени во идејата за востание, заедно со специјалните претставници на Централниот комитет од Солун, продолжуваше да ги средува работите во духот на Централниот комитет, и покрај решението на тукашното собрание. И друго, една од нивните први задачи беше да го убедат Делчев да даде согласност за да се дигне востанието, бидејќи го сметаа за сериозна пречка и противник.

Со своето влијание во Организацијата и меѓу најактивните средини, Гоце можеше да им пречи во нивните намери, па тие се трудеа да го обезвреднат под каква и да е форма, за да го натераат да не се противи и така да даде согласност. Со таква цел тие го обиколуваа, го викаа дури и на приватни собирања кај приврзаници на идејата за востание.

Не успеаја. Гоце по сето тоа си замина во Македонија.

На собрание какво што беше ова (софиското), каде луѓето беа дојдени до едно решение по предметот на тоа собрание, Гоце прв се обиде да реагира врз расположението кое владееше тогаш за востанието.

Но тој не беше погоден за улогата да убедува некого, затоа што не умееше и немаше искуство да го освои таквиот аудиториум со зборови, ниту имаше сила во неговата логика да ги убедува собраните противници.

Неговиот говор не го произведе успехот што го посакуваше. Освен тоа, нервите му беа слаби за да се спротивстави на настојувањата од другарите и пријателите.

Очите му беа меки за да може да биде упорен на едно собрание од другари кои не се согласни со него. Атмосферата го гушеше.

Среде говорот, афектиран, тој се спушти на еден од столовите со воздишка и со зборовите: „Оставете сега, сѐ е свршено", ја наведна главата, остана молчалив и длабоко замислен. Понатаму не зеде учество во расправата.

Гоце, кој беше вечно весел, полн со живот, оттогаш стана постојано замислен и таков отиде во гроб. Неговата смрт се должи на таквото негово расположение, кое го направи да му биде сеедно дали е жив или мртов.

За таквата силна, емотивна природа каков што беше тој, неговиот очај беше исто толку силен колку што беше и воодушевувањето. Во слични случаи, кога атмосферата почнуваше да го загушува тој најчесто заминуваше во внатрешноста.

Сега, по собранието, како што правеше слични околностии, тој ѝ мавна со рака на Софија и реши да стави крај на измачувањата и да замине во внатрешноста.

Само овојпат тој го промени правецот на влегувањето во Македонија.

Негативното решение по прашањето на востанието за време на собранието во Софија беше земено од други, по долги говори и дебати, независно од Делчев.

Дека ќе замине од Софија му беше кажал на Чучков, нагласувајќи дека прашањето за востанието е дефинитивно, а тој заминува за Серско за да се предаде на организирање атентати на железниците со бомби и динамит, и на својата четничка дејност.

Со таа мисла тој замина кај Јане, преку Самоков и Разлог, уште пред да настапи провалата, со чета од одбрани момци што говореше за неговата намера да работи независно од Централниот комитет. Кога заминуваше, тој се избакна со мене и со Малешевски, проштално, како никогаш до тогаш.

На негово настојување тројцата се фотографиравме.



Од лево на десно Ѓорче Петров,
Никола Малешевски и Гоце Делчев

Сигурно имаше претчувство за својата судбина.

Го беше зафатило предубедувањето на старите војводи - арамии, дека ако човек падне во очај од пушката, оди во сигурна смрт.

Низ умот на Делчев се врткаше мислата, директно со Даме да разговара и да го разбере неговото мислење за востанието, а преку него да го направи последниот обид за избегнување на катастрофата, бидејќи допушташе, дека може да влијае врз него, ако тој дал согласност за дигање на востанието.

Таа негова желба се беше совпаднала со желбата на Централниот комитет, ама со обратна цел: Гоце да се сретне со Даме и на таа средба тој да даде согласност за востанието.

Средбата била договорена во Солун. По тој случај се одигра неговата епизода во Солун, пред сам ден Велигден, кога преправен како селанец, пред градот - горната капија, го пресретнале колции за тутун. Тој со многу дух, успеал со неколку црвени јајца кои ги носел во кошница, да им го одвлече вниманието и да спречи да го претресат.

Гоцета нешто го тргаше кон Пирин, за да се сретне со Сандански, таму да најде утеха и со него да се разбере, како што се разбираше до тогаш по прашања од идеен карактер.

Извесно време по тргањето на Гоце, Централниот комитет од Солун беше испратил соопштение во Софија, дека Делчев бил определен за началник на востанието во пиринскот реон.

Значеше ли тоа дека Делчев се откажал од своето убедување за востанието?

Одговорот на тоа прашање е категорично, во писмото што Гоце го испратил до Централниот комитет, со копија во Софија, испратено преку мене, кое го давам на крајот на овој факсимил.

Подоцна разбравме дека Даме којшто бил согласен со Централниот комитет по прашање на востанието, го држел Гоцета 3-4 дена во собата со цел да го убеди.

Делчев потоа очаен си заминал за Пирин, кај Сандански.

На патот за село Баница, еден и пол саат над Серес, бил откриен од турската потера и убиен во селото.

Началник на потерата бил познатиот помак Тефиков, бивш бугарски офицер, другар на Гоцета од Военото училиште, кој го препознал трупот.

Тефиков тогаш бил началник на жандармеријата во Драма. Неговото одење во потера од Драма во Серес не ќе да е случајно.

Најверојатно бил испратен откако Турците ги откриле трагите на Гоце.

Но, од каде ги фатиле неговите траги, дали уште во Солун, или некаде по патот, или во Серес, не е познато.

Од кого и како се случило предавството, исто така не можеме да разбереме.

Зошто Делчев беше против востанието?

Мотивите за тоа тој самиот го образложи во своето писмо до Централниот комитет, кое тој го пишувал по патот од Солун за Серес, кое нема за цел некого да убедува, туку да остане неговото мислење во архивата на Комитетот.

Положбата во Македонија во периодот пред востанието се оцртуваше во следната форма:

Турската граѓанска власт беше скоро парализирана од Организацијата, која претставуваше држава во држава. Многу од раководните сили и работници на Организацијата ѝ беа познати на власта, многу често до нив допираа фактите за дејствувањето на комитетите.

Полициските власти избегнуваа, кај што беше можно, да влезат во судир со нив, пред неизвесноста од размерите на отпорот и пред стравот од одговорноста за последиците.

Функцијата на правосудството скоро беше мината во рацете на Организацијата, која управуваше преку четите, комитетите и преку правосудните комисии, по наредба на Организацијата, најпосле и по навика, никој христијанин не одеше кај турски судија да бара правосудство, а некои подобродушни судии (кадии) сами се откажуваа да им даваат тек на жалбите со зборовите: „каде со тебе и без тебе“, оди да се жалиш кај вашите, да ти ја разгледаат давијата (расправата).

Чифличките земји и приходите од нив беа речиси целосно на располагање на чифлигарите-селани, ќаите (надзорниците) Турци

не можеа да престојуваат во чифлиците, а газдите да се појавуваат по чифлиците. Тие беа оставиле сè „на бога и душа“, како што се вика кај нас, на селаните да им дадат дел од приходот, толку колку што тие ќе посакаат.

На планинските жители, мажи и жени, им беше забрането да одат на работа на жетва, и воопшто, да работат на чифлиците на Турците, како што било порано, за да бидат чифлигарите целосно господари и да работат толку, колку што сакаат и која нива или ливада, а другата земја ја оставаа запуштена.

Таму каде што можеа Турците да вршат контрола, на пример, во селата блиски до градовите, чифлигарите не беа задоволни од положбата. Организацијата налагаше бојкот на чифлизите, чифлигарите ги разместуваше по околните села на работа, а на други селани им забрануваше да ги заменуваат.

Спахиите за собирање данок ретко се осмелуваа да стапнат во селата, уште поретко се решаваа да ги обиколат нивите, особено во планинските села.

Селаните имаа можност да скријат голем дел од плодовите на својот труд.

Истото беше со беглакот, заедно со агентите за запишување на добитокот, не смееја да ги обиколат селата за откривање скриен добиток. На посмелите од нив и на спахиите, четите им правеа демонстрации за заплашување.

Шумари или немаше или чуваа седејќи во ановите. Државните шуми му беа на располагање на населението.

Сите оние Турци кои си го вадеа лебот надвор од градовите како шумари, падари, ќаи, слуги на агите, беа оставени да гладуваат и претставуваа еден општествен чир за Турците, затоа што не можеа да останат по селата и да си извадат дури ни за прехрана.

Самите заптии не смееја да останат по селата ноќно време и беа многу внимателни во своето однесување со населението.

Економскиот живот во градовите беше засегнат по истиот суштествен начин. Турците и Грците, противници на делото беа

бојкотирани, селаните не ги плаќаа долговите кон граѓаните, лихварите не можеа да си ја приберат лихвата и раздадените пари и др.

Воопшто, нишките на животот беа излезени од рацете на државата и минаа во рацете на Организацијата. Властите го знаеја сето ова и го трпеа, зашто беа беспомошни да сторат нешто.

Максимата, дека власта е сила само кога содејствува со граѓанството и обратно, не добила никаде поконкретна потврда отколку тука.

Турските војници и офицери растрчувани по шумите како мајмуни, да бараат и да ги истребат неуловливите чети, за нив беа деморализаторски.

Тие знаеја дека вистинските комитети се во градовите и во селата, под носот на властите и се бунеа зашто место да ги гонат и фаќаат, началниците ги праќаа по шумите да прогонуваат некакви чети.

На војниците им било забрането да се расправаат со селаните кои ги крепеа четите. Војниците во борбите со четите, секогаш беа изложувани на куршумите на четниците, бидејќи беа напаѓачи.

Офицерите секогаш со приказни дека ќе преземат судска одговорност ако војниците не се придржуваат на воените прописи.

По востанието и Уриетот, кога нашите луѓе имаа можност да разменат мисли со бившите потерции-офицерите и војниците тие ги кажувале погоре опишаните признанија.

Мехлемето, турскиот комесар во Софија, според наши сознанија често викал: „Што луѓе се Македонците, јас не можам да разберам, божем се борат со нас, ама ние немаме од спротива определен, јавен противник да си ги одмериме силите".

Во ист тон се произнесувал и Хилми паша во Македонија пред конзулите, дека бил добро известен за заговорниците, но бил бессилен да стори нешто, бидејќи не знаел од каде да почне и каде да заврши, а за расправија со целиот народ Европа му ги врзала рацете.

Тие и двајцата беа прави. Турската граѓанска власт беше скоро парализирана и зашеметена, затоа што Организацијата претставуваше држава во држава.

Властите знаеја сè и трпеа, затоа што беа беспомошни да ги средат работите. Турското население го беше зафатило малодушност и очајување како последица на немоќта на власта да се справи со ваквата положба.

Обратно, во Организацијата и кај населението на Македонија заживуваше буен живот, кој сè повеќе и повеќе ја доотуѓуваше од долу и од внатре турската управа.

Населението ја зголемуваше својата смелост обратно-пропорцијално на малодушноста на турските управувачки кругови.

Вечните маки на Организацијата, нејзината сиромаштија, се отстранија со парите кои беа земени за откуп на мис Стон. Делчев беше неуморен во доставување воени материјали и експлозивни средства, комплетирање и испраќање добро вооружени чети.

Тој за првпат во својот живот доби можност да го искаже во потполност широкиот замав. Целиот беше опфатен од восхит од текот на внатрешните работи.

Тоа негово расположение го правеше уште почувствителен кон дволичноста на врховистите. Во таков восхитен момент за него тие му го одвлекуваа вниманието со разни ситници.

Во таква положба на работите за востанието, врховистите на Организацијата ѝ даваа друга перспектива за развиток.

Во исто време во Битолско, собирањето оружје одеше со засилено темпо. Костурската организација со карвани од добиток масовно, со големи групи луѓе носеше оружје од Грција, кое го купуваше со свои средства. Други околии во Битолско се снабдуваа со пушки од Солунско и Костурско.

Делчев празнуваше од тој резултат во своите обиколки на Битолско. По селата немаше повеќе тајни заговорници. Кога ќе пристигнеа четите, целото село им се претставуваше. Селските вооружени милиции ги пресретнуваа надвор од селото и ги придру-

жуваа, а овчарчиња, старци и жени по нивите и шумите им служеа како доброволни стражи.

По градовите почнаа да се одржуваат масовни собири, доста публично, многу невнимателно.

Раководните тела без некакво известување и без особен избор реквирираа куќи за прикривање на илегалните луѓе.

Граѓаните безусловно ги исполнуваа порачките и се потчинуваа на налозите кои ги даваа раководствата за пари и работа.

Движењата на четите се засилија, и нивните борби со турските потери зачестија во последните 5-6 месеци непосредно пред востанието. Паднаа убиени 200 четници и војници, број кој беше рамен на половината од целиот кадар на четите во Македонија пред тоа.

Аферите зачестија во сите краишта на Македонија, кои од една страна го калеа населението за борба, а од друга го зголемуваа хаосот во земјата и ја зголемуваа компромитираноста на власта во неа и внатрешно, и по однос на надворешниот свет.

Аферите и собранијата беа толку зачестени како да настапил активен период на Организацијата.

Македонија беше во положба како востаната област, без да се прогласи востание.

Делчев беше на врвот на својата револуционерна среќа, небаре опиен од најпријатни мечти за иднината на ослободителното дело. Тој беше одушевен и од начинот на одвивањето на дејствијата.

Како можеше тој да ја види таа величествена зграда во пожар и да се прости од неа, кога таму беше целата негова душа, кога се беше жртвувал за нејзиното издигнување и беше потрошил толку енергија и толку чувства? Сега да ја види урната и тоа во моментот кога требаше да се собираат плодовите од неговиот труд?

А востанието значеше уривање на таа зграда - според неговото сфаќање.

Во широките народни маси востанието беше славејче во нивните души кое им ја крепеше душата, кое им пееше песни за сло-

бодата! Тие маси секогаш го конкретизираа тоа свое очекување и го облекуваа во реални форми. Затоа востанието беше очекуваната слобода.

Тие средствата ги беа претвориле во цел.

Еве една епизода. Дедо Стојан од село Орланци (Кичевско) со 'ргосан јатаган на појасот ги придружувал востаниците - селани во месноста Рабетин кол. Кога силната потера од војска наближила, а востаниците се повлекле на планината Песјак, тој останал назад, бил стигнат од едно одделение војници, на чело со еден млад офицер. Офицерот, гледал со љубопитност и заповедал да не го убиваат, туку жив да му го донесат.

Дедо Стојан вртел со јатаганот на лево и на десно кога сакале да го фатат, кога се уморил го фатиле. Го подбрале нагоре по патот, а тој во еден погоден момент се втурнал по надолницата да бега, пак го фатиле, а по арогантните одговори што ги давал, офицерот му рекол дека со камен ќе му ја скрши главата како на змија. Му ја ставиле главата на еден камен, а војник со друг камен стоел над него. Место молба и аман, дедо. Стојан ја собрал во душата целата насобрана омраза кон Турците и извикал: „Удрете, бе кучиња, јас и да умрам не жалам, штом се дигна востание и земјата ќе ви ја земеме". Овој расказ го слушнав од синот на тој маченик.

Во таква положба, штом излеташе од народните гради пиленцето немаше надеж да се врати назад и сите наредби за спасување ќе беа загубени, затоа што претходно се знаеше дека востанието немаше да ја урне турската држава, а ќе ја урне само нашата куќа.

Можеше ли Гоце да се помири со сликата да го види својот љубен селанец повторно со наведната глава под тешкотиите на животот, очаен и безнадежен?

Тогаш, што сакаше Гоце?

Гоце беше фанатичен поддржувач на максимата, дека ропството се должи, пред сè, на самиот роб и се крепи од него повеќе отколку на мачителот и дека кога робот престанува во душата да биде таков, ропството исчезнува. Неговите надежи беа да ја види цела Македонија пламната во бунтовнички жар, секоја долинка,

секој камен, сите дабови, секоја куќа претворена во борбена заседа. Секој роб поединечно и во групи да влезе во борба со секој враг кој ќе го види пред себе, како белег на ропството.

За да се достигне тој белег на борбен дух кај населението, тој беше за еден активен период на Организацијата со широко, директно учество на населението, затоа што тоа население беше влезено масовно во Организацијата, но беше испитано само во пасивна борба, стоички да се среќава со опасностите и страдањата, а не калено во лична или групна борба со противник со оружје во рака. Гоце сакаше една положба на востание во Македонија, без тоа да се прогласи формално, со двојна цел - од една страна населението да го чека востанието, да му го крепи духот и да не ги исцрпува своите последни сили, а од друга, да се малтретира Турција долго време, да се истоштува и компромитира, без да може да се справи со внатрешниот недопирлив непријател.

Зачестените атентати и афери, борбите по селата и градовите, кои ги исплашија послабите наши другари, главно беа во корист на востанието, но тие не го тревожеа Делчев.

Тој имаше неизмерна верба во тврдоста и издржливоста на населението. Тој сметаше дека ќе ја крепи душата и вербата и веруваше дека борбата е најсигурното средство за востание и настојуваше да го крепи бунтовничкиот дух кај населението, затоа што борбата за него беше живот, а животот борба.

Таа концепција на возвишениот идеализам на кој друг повеќе му прилега од Делчев?

Тој беше идеалист во коските.

Со погорните забелешки јас завршувам со прашањето за значењето на Делчев во ослободителното дело со следното обраќање кон студентската младина: Делчев сега ни лежи во срцата на сите кои во текот на неговиот живот бевме со него. Денешното поколение, македонско-бугарско население, израснато во целина во револуционерна атмосфера, калено во борби и страдања, ќе биде готово да ги следи до крај неговите завети за татковината. Тоа е достатно за да може неговата душа да почива во мир и спо-

којство при исполнет татковински и човечки долг и за утешување на неговите блиски по род или идеја.

Што се однесува до неговото посмртно значење за широкото општество во Бугарија претпоставувам секој си прави своја оценка.

Јас ќе ја завршам беседата со следното обраќање кон студентската младина, која беше иницијатор на денешново собрание:

Се согласив, ја прифатив поканата од младите, не само поради потребата да се истакне фигурата на Делчев пред нашата емиграција, но и поради фактот, дека таа дојде токму од неа.

Тој влезе во гроб со јад, сметајќи дека малку придонесол за слободата на Македонија.

Гоце ги сакаше студентите како младина, најнадежна за да ја исполни таа празнина и него да го дополни.

Јас го истакнувам тоа чувство на покојникот со цел да ви напоменам вам, на студентите, дека ќе може да се остане негов вистински почитувач, само ако со него се споделуваат неговите душевни определби и доколку за нивната реализација се употребат знаењето, своето умеење да се служи со перото и зборот за распространување среде населението на неговите светли мисли и чувства, за негирање на секоја неправда и подлост која е свртена против Македонија, барем додека во неа царуваат ропството и бедата.

Македонија никогаш не била пред пострашна судбина од онаа што ѝ се подготвува денеска. Македонија опустошена, без луѓе, безнадежна, силно притисната од ноктите на непријателите. Ние како никогаш досега се чувствуваме беспомошни сами да си го средиме своето спасување. Таа чека од своите синови-емигранти да ја заменат во борбата за нејзината слобода, и да ја претставуваат пред светот со нејзиниот вистински лик, со ореол на класични борци за правда и слобода.

Кој нејзин член ќе има смелост да не се одгласи на името на Делчев, ако пред лицето на тој историски престап остане глув на повикот на татковината и туѓ на Гоце Делчев?

Македонија ја загрозува подлабоко ропство - српското и грчкото кое е гарантирано, ако не засекогаш, тогаш за долго време.

Таа денеска претставува една земја без стопан преназначена да послужи за грабеж и предмет за награда на победникот и казна за победениот.

Во таква положба јас не разбирам кога повеќе од денес би имало смисла за едно ослободително дело во духот на заветите на Гоце?

Едно знам, дека паметењето на народните борци - светци било потребно за поколенијата, за да ги буди и повикува на работа.

Кога другпат, ако не сега, ова ќе најде свој прилог во животот на македонското население?

Јас ќе ги направам само следниве забелешки по тоа прашање: шаблонскиот начин на чествување на паметта на загинатите народни водачи со церемонии, без учество и без чувство- начин усвоен од бугарското општество и од македонската емиграција не одговара на неговите завети, зашто во нив се содржи лицемерност и извештаченост нешто кое Гоце го забележа кај бугарското општество и поради тоа тој го замрази.

Инаку, Делчев не е неподдржлив, ниту недостижен, ниту пак човек на минатото, за да се задоволиме со неговите спомени.

Секој може да биде ако не Делчев, тогаш барем приближно како него, само ако го презира исто колку тој своето лично благо во корист на татковината и да си ја напои душата со неговите човечки и општествени добродетелства.

Затоа единствено правилен начин на неговото прославување е да се следи неговиот пример, да се прифатат неговите завети.

Особено треба да бидат внимателни неговите современици и соборци, неговото, име да не се употребува за сè и сешто.

За нас, македонските емигранти, Делчевите завети се уште позадолжителни, затоа што неговиот идеал, којшто беше општ за сите нас, не е реализиран!

Скенирано за:



www.strumski.com

Библиотека „Струмски”
е създадена в памет на
загиналите за Родината.



Voivode Dimiter Madjarov before the remains of two comrades in arms killed in the battle of Ferres